- Намена на градба – Пречистителна станица
- Површина под градба 89 м²
- Развиена површина по етажи 89 м²
- Катност П
- Кота на венец 3,0м
- Максимална кота на градба 245,14м.н.в

Градба 10.1.4

- Намена на градба – Гасна мерна регулаторна станица
- Површина под градба 11 м²
- Развиена површина по етажи 11 м²
- Катност П
- Кота на венец 3,0м
- Максимална кота на градба 245,14м.н.в

Градба 10.1.5

- Намена на градба – Резервоар за пожарна вода (дел пумпна станица)
- Површина под градба 34 м²
- Развиена површина по етажи 34 м²
- Катност П
- Кота на венец 1,0м
- Максимална кота на градба 243,14м.н.в

Напомена:Резервоарот за вода е под дел од сообраќајната површина.

Сообраќај

Пристапот до проектниот опфат е од постојната улица „4“од југоисточна страна.

Паркирање во градежна парцела

Паркирањето ќе биде решено во граници на градежната парцела.

Потребниот број на паркинг места се утврдува со Проектна програма.

Задоволувањето на потребниот број паркинг места е услов за изградба на предметната површина согласно намената на простортот.

Согласно проектната програма планирани се 17 паркинг места и едно за инвалиди(вкупно 18).

Зеленило

Во границите на проектниот опфат согласно Член 20 од Закон за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр.11/18) треба да се обезбеди 20% зеленило во граници на градежната парцела.

Напомена 1: Според податоците добиени од Агенција за цивилно воздухопловство проектниот опфат се наоѓа во зона на аеродромот „Меѓународен Аеродром Скопје“, во т.н хоризонтална рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 283мнв, основна ILS рамнина, во зона за заштита од светла и во зона за заштита од птици, односно на оддалеченост од цц 3.252м СЗ од праг „16“ на полетно/слетна патека на аеродромот, локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од **283мнв.**
- Во зафатот да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои во иднина ќе емитуваат радио, ласерски сигнали, односно светлосни снопови, оџаци кои ќе испуштаат дим, чад и пареа, како и содржини кои може да предизвикуваат зголемено присуство на птици.
- Надворешно осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја, под агол од 90^0.

Доколку во планскиот опфат се планира изградба на објект/и или поставување на надземни структури со елевација над дозволената од 283мнв, или некоја од наведените содржини, како и

- Поставување на издвоен антенски столбови или столбови на објект со височина поголема од 15m или
- Изградба на оџаци со височина поголема од 30m

кои би претставувале препреки во воздухопловството, потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да ја доставите проектната документација со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 од Законот за воздухопловство(Сл.весник на РМ бр.14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 42/2014, 97/2015, 152/2015, 27/2016, 31/2016, 64/2018 и 220/2019), а со цел следење и контрола на просторот од аспект на одржување на безбедност на воздушниот сообраќај.

Напомена 2: Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Напомена 3: Според податоците добиени од Дирекција за заштита и спасување – подрачно одделение Гази Баба бр.09-64/2 од 23 Февруари 2021 при реализација на градбите и инфрастурктурата во граница на проектниот опфат треба да се почитуваат следните пропишани мерки за Заштита и спасување:

- Меѓусебното растојание на градбите при проектирање и изведување треба да изнесува 1/3 од вкупната височина на двете градби сметано од котата на теренот до котата на венецот, но не помала од 8 метри согласно член 24 од Правилникот за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (сл. весник на РМ бр.231/2011).
- Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот инесува најмалку 5м, а најмногу 80м. Притисок во хидрантска мрежа не смее да биде понизод од 2,5 бара.
- При изготвување на Основен проект за добивање на одобрение за градење да се изработи Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи.
- Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичко проектирање, со висини на објекти при чие рушење (Н/2 од висина на

објектот) не би се загрозил коловозот на околните сообраќајници со што би се оневозможил проток на моторни возила неопходен за помош и евакуација.

- Заштита од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објектите согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.
- При изработка на Планска документација да се предвидат и пропишат мерки за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување спасување (Службен весник на РМ, бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18).
- Ако се утврди дека има свлекување на земјиште нетреба да се гради во тој дел, бидејќи безбедноста на луѓето и објектите се на прво место а и поскапувањето на инвестицијата нема оправдување за ваков вид на градба.

При изработка на основните проекти да се постапи согласно :

- Законот за заштита и спасување спасување (Службен весник на РМ, бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18),
- Законот за пожарникарство(Сл. весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13) и
- Правилник за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник 231/2020).
- Законот за одбрана (Службен весник на РМ, бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15),
- Законот за управување со кризи (Службен весник на РМ, бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18

5.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Врз основа на загрозеност на проектниот опфат, Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик - општина Илинден, од природни катастрофи и елементарни непогоди може да настане повредливост на просторот и неговите физички структури. Повредливост на просторот се одразува на градбите и нивната околина. При градба треба да се заштити животната средина како и природното и културно наследство.

5.1 Животната средина

Основна намена на просторот во граници на проектниот опфат е Г2 – лесна индустрија.
Водата, почвата и воздухот се едни од најчуствителните и најдолгомемориираните медиуми кој го паметат загадувањето и го рефлектираат во долг временски период во околината поради што треба најригорозно да се почитуваат и заштитат.
При планирање потребно е да се овозможат услови за заштита на почвата, водата, воздухот и да се обезбеди заштита од бучавата.

- *Загадување на почвата и подземните води и мерки за заштита*

Објектите ќе се приклучат на канализациониот систем со што се елиминира загадувањето на почвата во дозволени граници.
Цврстиот отпад ќе се собира организирано со селекција за понатамошна негова рециклажа, а остатокот организирано ќе се дистрибуира во најблиската санитарна депонија.

- *Аерозагадување и мерки за заштита*

Во случај ако со технолошкиот процес има испуштање на штетни емисии кој можат да го загадат воздухот задолжително мора да се вградат филтри согласно законската регулатива.
Друго загадување е од издувните гасови на моторните возила. За елиминирање на нивното штетно дејство се планира покрај сообраќајниците да се посади антисептичко листопаднио зеленило.

- *Извори на бучава и мерки на заштита*

Во случај ако со технолошкиот процес се произведува бучава над дозволените граници согласно законската регулатива тогаш мора да се преземат мерки за нивна елиминација
Друг извор на бучава во граници на планскиот опфат ќе преставуваат моторните возила за чие намалување ќе придонесат листопадни насади покрај сообраќајната мрежа.

Заштита од техничко-технолошки катастрофи и радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Постои можност за технолошки катастрофи, со оглед на намената на просторот. Потребно е стручно ракување со сите уреди и постројки. Објектите во редовни услови не предизвикуваат штети. Вградената опрема во нив во случај на несоодветно ракување со неа може да предизвика технолошка катастрофа. Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации. Случајни инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање преку вентилски уреди.
Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и

опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина. Притоа основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот се:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се засновува организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на стопанскиот објект на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

1. Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење и одбегнување на технолошки катастрофи.
2. Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на последица од пожар.
3. Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од последици од пожар и експлозии.

Радиолошката, хемиска и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добиток и растенија, со навремено отривање, следење и контрола на опсностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за одстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехрамбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на деца, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандарди и процедури за радиолошка, хемиска и биолошка заштита. Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територија
- дозиметријска контрола
- детекција на РХБ агенси присатни на одредено подрачје

- лабораторисско испитување на видот, концетрација, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите

5.2 Заштита и спасување

Повредливост од пожар

Во случај на пожар до локацијата со противпожарни возила ќе се пристапи од автопатот А2, па преку постојна индустриска улица „4“ во ТИРЗ „Скопје 2“.

Заштита и спасување од пожари, екплозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормален, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер. Заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни матери, се активности кои се планираат и спроведуваат со просторно и урбанистичко планирање и со примена на технички нормативи при проктирање и изградба на објектите. Оперативни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при одстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Планирањето и изработка на техничка документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување спасување (Службен весник на РМ, бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18),Законот за пожарникарство(Сл. весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13) и Правилник за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник 231/2020).

Сообраќајниот систем во локалитетот треба да овозможува лесен пристап на пожарни возила до објекти од две страни. При конципирање на сообраќајот да се планира непречено движење на пожарни возила. Сообраќајниците да се така планирани да овозможуваат непречен пристап на пожарни возила до објектите и да се со доволна широчина (3,5м за еднонасочен сообраќај, односно 5,5м за двонасочен сообраќај), за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичниците на пристапниот пат треба да бидат со височина не поголема од 7см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот, а коловозна конструкција на пристапот да се димензионира на осовниски притисок од најмалку осум тони. Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, надвозници и др. отвори, минимална димензијана светлиот отвор на проодот се: 3,5м широчина и 4,5м височина. Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, надвозници и др. Отвори кои се наоѓат во кривина, минимална димензија на светлиот отвор на проодот се: 4,0м широчина и 4,5м височина.

Меѓусебното растојание на градбите при проектирање и изведување треба да изнесува 1/3 одвкупната височина на двете градби сметано од котата на теренот до котата на венецот, но не помала од 8 метри согласно член 24 од Правилникот за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (сл. весник на РМ бр.231/2011)

При проектирањето на новопланирани објекти, во документацијата да биде решена и громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптеретување на новопланираните објекти.

Со планирањето на хидрантска мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои вода од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на

хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила. За надворешна хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевоводи, со минимален пречник Ф80мм. На хидрантска водоводна мрежа со минимален пречник од Ф80мм да се постават противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку Ф80мм. Растојание меѓу надворешни хидранти се определува во зависност од намената, од големината и од слични карактеристики на објектот, со тоа што пожарот на секој објект ќе може да се гаси со најмалку два надворешни хидранта. Дозволеното растојание меѓу два хидранта изнесува најмногу 80м. Во населени места во кои се наоѓат претежно станбени објекти, растојанието меѓу надворешни хидранти изнесува најмногу 150м. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот инесува најмалку 5м, а најмногу 80м. Притисок во хидрантска мрежа не смее да биде понизод од 2,5 бара.
При изготвување на Основен проект за добивање на одобрение за градење да се изработи Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи.

Природни катастрофи
При планирање на просторот мора да се почитуваат природните сили: земјотрес, поплави, силни ветрови, снег, наноси, лавини, лизгање, одронување на терен и други природни сили кој можат да влијаат на безбедноста на просторот. За заштита од природните непогоди се преземаат низа мерки за нивно спречување при изработка на планската документација на планираните објекти и димензионирање на објектите од аспект:

- ***Сеизмички ризик***

Според инженерско - геолошките услови теренот, според стабилноста, е категоризиран како претежно нестабилен каде се можни појави на сите деформации во природни услови, или при делувањето на човекот. Регионот во кој се протега проектниот опфат е сеизмично подрачје. Овие услови налагаат потреба од строго почитување на условите за асеизмичка градба на објектите и инфраструктурата.
Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

- **Заштита и спасување од урнатини**

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите. Во урбанистичкиотте решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичко проектирање, со висини на објекти при чие рушење (Н/2 од висина на објектот) не би се загрозил коловозот на околните сообраќајници со што би се оневозможил проток на моторни возила неопходен за помош и евакуација.
Заштита од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објектите согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен матерјал и релативно помали тежини.

- **Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди**

При изработка на Планска документација да се предвидат и пропишат мерки за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување спасување (Службен весник на РМ, бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18).

- **Заштита и спасување од свлекување на земјиштето**

Ако се утврди дека има свлекување на земјиште нетреба да се изработува урбанистичка документација и да се гради во тој дел, бидејќи безбедноста на луѓето и објектите се на прво место а и поскапувањето на инвестицијата нема оправдување за ваков вид на градба

Воени разурнувања и засолнување

Согласно со член 53 од Законот заштита и спасување треба да се применуваат мерки за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита,засолништа, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во, за тоа предвидените центри во согласност со: Законот за одбрана (Службен весник на РМ, бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот заштита и спасување (Службен весник на РМ, бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18),Законот за управување со кризи (Службен весник на РМ, бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18).

Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандарди и прирачни средства на местото на повредување – заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на амбуланта и поликлиника би изнесувал од 10 до 15 мин.

Заштита при работа

Влијанија поврзани со работната сила се идентификувани како влијанија врз здравјето и безбедноста на работниците. Во процес на производство тоа се несреќи на работно место.
Со цел да се минимизираат негативните влијанија врз работната сила ќе се преземат следните мерки за заштита:

- користење на современа опрема што ќе обезбеди сигурност и безбедност на работниците.
- ангажирање на квалификувани работници, како и нивна дополнителна обука.

<u>4.3 Мерки за лица со инвалидитет</u>

Во третманот на пешачките површини, постојната урбана опрема и влезови во градбите, да се исполнат условите за движење на лица со инвалидитет.

4.4 Заштита на природно наследство и културно историско наследство

Проектниот опфат е во граници на ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик - општина Илинден и за планскиот опфат непостои заштита на природно наследство.

Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

ПРИЛОЗИ КОН ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

- **Податоци и информации од јавни институции**
- **Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога**
- **Извод од ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик - општина Илинден**
- **Извештај од стручна ревизија**

Јавно Комунално Претпријатие "ВОДОВОД" н.Илинден

ул."9" бб, н.Илинден
жиро с-ка: 300000002856783
Комерцијална банка АД Скопје
ЕДБ: 4030008037559

Јавно комунално претпријатие
ВОДОВОД
Бр. 08-3/3
08.02. 20 21 год.
н. Илинден, Илинден

До:
ТЕКТОН дооел- Скопје

Адреса:

Ул. "Народен Фронт" бр.5/12
Р. Македонија

Предмет: Достава на податоци и информации

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање од 08.02.2021 година, со арх. бр. 08-3/3, за доставување на податоци и информации за наведениот плански опфат за потребите на постапката за изготвување на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ "Скопје 2", КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик, општина Илинден, Ве известуваме дека во непосредна близина на предметниот опфат **постојат водоводни мрежи и објекти во сопственост на ТИРЗ Скопје 2** кои се снабдуваат со вода од системот за водоснабдување со кој стопанисува ЈКП "Водовод"н. Илинден.

Ве молиме за информации околу поставеноста на постоечките водоводни инсталации кои се сопственост на ТИРЗ Скопје 2 да се обратите во Дирекцијата на ТИРЗ Скопје 2.

Напомена: При вршењето на градежните работи да се избегнува трасата на водоводните инсталации.

Доколку при изведувањето на градежни работи дојде до оштетување на водоводната инсталација, трошоците за поправка на штетата и застојот на испораката на вода до корисниците ќе ја сноси причинителот на штетата.

Одобрил:
Раководител на стручна служба:
Драган Дејановски дипл.маш.инж.

ДИРЕКТОР
ЈКП "ВОДОВОД" н.Илинден
м-р Марјан Милошевски, дипл.маш.инж.

Ко:
- Архива

тел.:+389 (0) 2 2572 671, +389 (0) 2 2573 077, факс: +389 (0) 2 2550 578;
www.jkpvodovodilinden.com.mk, e-mail: vodovodilinden@jkpvodovodilinden.com.mk

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје

Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811

Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814

Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813

Ф: + 389 (0) 2 3 111 160

www.mepso.com.mk

До

ТЕКТОН ДООЕЛ

ул. Народен фронт бр. 5/12

Скопје

Бр.11-359/1

26.01.2021

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.0302/312/5 од 21.01.2021 година (наш број 11-359 од 22.01.2021 година) за податоци и информации потребни за изработување и одобрување на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ "Скопје 2", КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик во Општина Илинден, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Весна Чингоска

Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA
Date: 2021.01.26 12:57:25 +01'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
10-55/3-13 од 29.01.2021
Скопје

Одговорно лице: Мартин Јанковски

Контакт телефон: 072 933 420

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 0302/312/5 од 21.01.2021 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2", КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик, - општина Илинден, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

Во дадениот опфат/локација имаме:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго На предметната локација НЕМА наши ел.енергетски инсталации

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Makedonski Telekom CA, MARTIN JANKOVSKI

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, MARTIN JANKOVSKI
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=ELEKTRODISTRIBUCIJA DOOEL SKOPJE :4080016560608, serialNumber=CRT3563882, cn=MARTIN JANKOVSKI
Date: 2021.01.29 10:59:05 +01'00'

Наш број: 1404- 280/2
Скопје: 20.01.2021г.

ДО:
ТЕКТОН
СКОПЈЕ

Предмет: Одговор на барање за податоци за ТК мрежи
Врска: Ваше барање бр.0302/312/5 преку е-урбанизам

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи, а во врска со изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2", КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик, - општина Илинден , ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Сектор за телекомуникации
Изработил: Ј.Србиновски

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ:
Раководител на сектор:Д-р Борис Арсов

АЕК-401.03

ww.aek.mk
21, Kay Dimitar Vlahov"
1000 Skopje
tel.: ++389 2 32 89 200
fax: ++389 2 32 24 611
e-mail: contact@aec.mk

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13 Ноември бр.6, 1000 Скопје

Бр: 33570
Дата: 28.01.2021

До

Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг

ТЕКТОН ДООЕЛ – Скопје

Ул.Народен Фронт бр.5/12, 1000 Скопје

Ваше упатување	Барање на податоци и информации
Наше контакт лице	Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева
Телефон	+389 70 200 736; +389 70 200 571
Во врска со	Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик, општина Илинден, Ве известуваме дека на наведениот плански опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

Makedonski Telekom CA, Nikolche Tasevski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Nikolche Tasevski
Date: 2021.01.28 15:30:04 +01'00'

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Ве известуваме дека на предвидениот плански опфат за изработка на планска документација како, Детален урбанистички план (ДУП); Генерален урбанистички план (ГУП); Урбанистички план за село (УПС); Урбанистички план за вон населено место (УПСВНМ); Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД); Државна урбанистичка планска документација (ДУПД); Архитектонско урбанистичка документација (АУП); Проект за инфраструктура (ПИ), нема траса на планиран и изведен гасовод.

Со почит,

ГА-МА АД Скопје

Извршни директори,

Радко Манов и Александар Арсиќ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ГА-МА СКОПЈЕ

Акционерско друштво ГАМА Скопје Бул. Св. Климент Охридски 54, 1000 Скопје, Македонија тел.: 02 3118 555 факс: 02 3117 110
Вкупен номинален капитал 37 612 500 еур

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE S...kup
në pronësi shtetërore

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

Бр.-№: 03-177/2
01. 02. во 21 година
Скопје-Shkup

До:
ТЕКТОН ДОО Скопје

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање за податоци и информации, со ваш бр. 0302/312/5 од 21.01.2021 год.

Согласно вашето Барање за податоци и информации, за Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2", КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик, - општина Илинден, со ваш бр. 0302/312/5 од 21.01.2021 год.

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

НЕР АД Скопје дава позитивно мислење.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски
43

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

Република Северна Македонија

Јавно претпријатие за државни патишта

Бр. 10-773/2
Скопје, 26-01-2021 година

ДО ТЕКТОН дооел
ул. Народен фронт бр. 5/12
1000 Скопје

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0302/312/5 од 21.01.2021 год. за добивање податоци и информации за постојни и планирани инфраструктурни водови и градби потребни за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна класа на намена за градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија), по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2", КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик-општина Илинден, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-773/1 од 25.01.2021 година:

- Ажурирана геодетска подлога со проектен опфат и
- Прегледна карта со проектен опфат.

Од доставените и разгледани прилози констатирано е дека предметниот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Д.Гашпарова
Контролирал: З.Велков
Одобрил: d-r E.Latifi

Јавно претпријатие за државни патишта
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Јавно претпријатие на железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија-Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut-Shkup
Бр./No 2009-5409/2
19 12 2020 20___год./vit
Скопје/Shkup

До

ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје

Ул. Народен фронт бр. 5/12, Скопје

Предмет: Одговор на барање

Во врска со вашето барање со бр. 03012/312/1 од 05.12.2020година и број на постапка 32903 од е-урбанизам, со кое барате податоци и информации, а кои Ви се потребни за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ "Скопје 2", КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик Општина Илинден, Ве известуваме за следното:

По разгледување на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје.

Со почит,

Пом.Директор за пруги
Владимир Трајковски

Изработил: Ѓорѓи Пушев, д.г.и.

Согласен: МихајлоТилиќ, д.г.и.

Ул. Јордан Мијалков бр. 50-б, 1000 Скопје. П. фах 543 | Тел. +389 (0) 23 227 903 | Факс: +389 (0) 22 462 330
Rr. Jordan Mijalkov nr. 50-b, 1000 Shkup, K. Postal 543 | Tel. +389 (0) 23 227 903 | Faks: +389 (0) 22 462 330
www.mzi.mk | e-mail:info@mzi.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До: **ТЕКТОН дооел Скопје**
Народен фронт бр.5/12, Скопје

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 0302/312/5 од 21.01.2021 година
(e-urbanizam, постапка бр. 33570)

бр. 12-8/031
Скопје, 22.01.2021 година

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ Скопје 2, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик - општина Илинден

при што утврдија дека планскиот опфат се наоѓа **во зона** на аеродромот „Меѓународен Аеродром Скопје“, во т.н. хоризонтална рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 283 мнв, основна ILS рамнина, во зона за заштита од светла и во зона за заштита од птици, односно на оддалеченост од цца 3.252м СЗ од праг „16“ на полетно/слетната патека на аеродромот, локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го во предвид претходното, а согласно член 76 од Законот за воздухопловство, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запазат следните одредби:

1. Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 283 мнв.
2. Во зафатот да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои во иднина ќе емитираат радио, ласерски сигнали, односно светлосни снопови, оџаци кои ќе испуштаат дим, чад и пареа, како и содржини кои може да предизвикуваат зголемено присуство на птици.
3. Надворешното осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја, под агол од 90^0.

Доколку во планскиот опфат се планира изградба на објект/и или поставување на надземни структури со елевација над дозволената од 283мнв, или некоја од претходно наведените содржини, како и

- поставување на издвоени антенски столбови или столбови на објект со височина поголема од 15м. или
- изградба на оџаци со височина поголема од 30м

ул. „Даме Груев” број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

кои би претставувале препреки во воздухопловството, потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство, да ја доставите проектната документација со **барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај**, согласно член 68 од Законот за воздухопловство *("Службен весник на РМ" бр.14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 80/2012, 155/2012, 42/2014, 97/2015, 152/2015, 27/2016, 31/2016, 64/2018 и 220/19),* а со цел следење и контрола на просторот од аспект на одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

DUSHAN POPCHEVALIEV Digitally signed by DUSHAN POPCHEVALIEV
Date: 2021.01.22 10:39:00 +01'00'

Душан Попчевалиев
(по овластување од Директорот бр.02-46/1 од 13.01.2021 година)

Изготвил: БЈ

Biljana Jovanova Digitally signed by Biljana Jovanova
DN: c=Agencija za civilno vozduhoplovstvo, c=MK, email=bjovanova@caa.gov.mk, sn=Jovanova, givenName=Biljana, cn=Biljana Jovanova
Date: 2021.01.22 10:00:35 +01'00'

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

23 Февруари 2021

Архивски број:
Бр: 09-64/2

До: ТЕКТОН ДООЕЛ -Скопје

Предмет: Податоци и информации, доставува,-

Согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање а врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12 – пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16), Подрачното одделение за заштита и спасување –Гази Баба при Дирекција за заштита и спасување, информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка **на Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија)по ЛУПД за изградба на ТИРЗ " Скопје 2"КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик- Општина Илинден.**

Воедно Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување кои согласно Законот за заштита и спасување - пречистен текст (Сл. весник на РСМ, бр. 93/12), Процената на загрозеност на опфатот за кој се однесува деталниот урбанистички план, Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл. весник на РСМ, бр. 105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка **на Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија)по ЛУПД за изградба на ТИРЗ " Скопје 2"КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик- Општина Илинден.**

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ГАЗИ БАБА
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale GAZI BABË

ул. „Архимедова" бр.2
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Arhimedova" nr.2 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3 165 708
Моб. 076 475 441
gazibaba@dzs.gov.mk

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

1. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ**

При изработка на планската документација треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Да се да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари односно ширината на пристапниот пат за ПП возила не сме да биде помала од 5,5 метри согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2020). Исто така потребно е да се предвидуваат надворешни противпожарни хидранти што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места и да се овозможи непрчен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектот. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5метри, а најмногу 80метри.

Потребно е да се реши **меѓусебно растојание на градбите при проектирањето и изведувањето** односно потребното меѓусебно растојание на градбите треба да изнесува 1/3 од вкупната височина на двете градби сметано од котата на терен до котата на венец, но да не е помало од осум метри согласно член 24 од Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2011);

2. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ**

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ**

При изработка на Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РСМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ГАЗИ БАБА
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale GAZI BABË

ул. „Архимедова" бр.2
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Arhimedova" nr.2 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3 165 708
Моб. 076 475 441
gazibaba@dzs.gov.mk

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА ОД ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита и заштита од техничко-технолошки катастрофи

6. ЗАСОЛНУВАЊЕ

Да се реши засолнувањето согласно критериумите од член 62 и 64 од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСМ бр. 93/12).

Согласно Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува планската документација, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСМ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.
Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2011), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Предвидените мерки потребно е да се елаборират во текстуалниот дел и да се приложаат во графичкиот дел , не само да се препишаат од издадените Услови за заштита и спасување.

Откако ќе ги вградите условите за заштита и спасување потребно е да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување –Подрачно одделение за заштита и спасување –Гази Баба, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување преку информацискиот систем Е-Урбанизам .

Изработил: **Besa Bekteshi Bajrami**

Besa Bekteshi Bajrami
Digitally signed by Besa Bekteshi Bajrami
Date: 2021.02.23 15:56:00 +01'00'

РАКОВОДИТЕЛ
Besa Bekteshi Bajrami

Besa Bekteshi Bajrami
Digitally signed by Besa Bekteshi Bajrami
Date: 2021.02.23 15:56:10 +01'00'

Доставено до :
-насловот
-архива

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ГАЗИ БАБА
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale GAZI BABË

ул. „Архимедова“ бр.2
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Arhimedova" nr.2 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3 165 708
Моб. 076 475 441
gazibaba@dzs.gov.mk

Република Северна Македонија
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони

Republic of NORTH MACEDONIA
DTIDZ FREE ZONES

Број: 08-168/2

Датум: 26.01.2021

Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Бул.Партизански одреди бр.2
П.Фах 311, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3111 166
Е-пошта: info@fez.gov.mk
www.fez.gov.mk

ДО
ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје
Ул. "Народен фронт" бр. 5/12
1000 Скопје

2 АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
3 КАРТА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
4 РЕГУЛАЦИОНО РЕШЕНИЕ И ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ
5 ВНАТРЕШЕН СТАЦИОНАРЕН СООБРАЌАЈ, НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ И ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ СО ОЗЛЕНУВАЊЕ
6 ИНФРАСТРУКТУРНО РЕШЕНИЕ
7 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ

ПРОЕКТЕН ДЕЛ

ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ПРОИЗВОДНА ХАЛА, АДМИНИСТРАТИВЕН ДЕЛ,ПРИЈАВНИЦА И ОБЈЕКТ ЗА МАШИНСКИ ИНСТАЛАЦИИ

2.СПИСОК НА ПРИЛОЗИ ОД ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ШТО СЕ ДОСТАВЕНИ НА СТРУЧНАТА КОМИСИЈА

Дигитална форма на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик, - општина Илинден**.

3. Врз основа на извршената контрола на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик, - општина Илинден, од страна на ревидентот, со стручната ревизија се потврдува дека:

3.1 Предложените Проектни решенија се соодветни и прифатливи.

3.2 Проектните решенија на предметниот **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик, - општина Илинден**, се изработени во согласност со **Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20).**

3.3 Проектните решенија на предметниот **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик, - општина Илинден**, се во согласност со плановите од повисоко ниво на планирање.

3.4. Предложените Проектни решенија се оправдани од аспект на остварување на целите и начената на Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20).

3.5 Предложените Проектни решенија се оправдани од аспект на остварување на програмските цели и проекции од проектната програма.

3.6 Предложените Проектни решенија се реални и остварливи.

3.7 Не се воочени недостатоци кои треба да бидат корегирани и отстранети.

3.8 Не се предвидуваат стручни препораки за алтернативни решенија и подобрување на предложените Проектни решенија.

4.ЗАКЛУЧОК:

Врз основа на претходно дадените потврди, извештаи, оценки и укажувања, ревидентите го донесоа следниот заклучок:

4.1 Ревидентите подтврдуваат дека понудените проектни решенија од **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик, - општина Илинден, се прифатливи и соодветни**.

4.2 Ревидентите ценат дека **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик, - општина Илинден,** е изготвен согласно методологијата регулирана со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20) и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива и оттаму даваат **позитивно мислење** на истиот.

4.3 Постапката до конечно одобрување на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик, - општина Илинден,** со тех.бр.312/20 од Септември 2021 година**, може да продолжи** согласно законската и подзаконската регулатива.

РЕВИДЕНТИ:

Благоја Радевски, диа
Лилјана Радевска, диа
Марија Радевска Беровска, диа

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

2.1 ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Градежната парцела се наоѓа во Технолошко индустриската развојна зона Бунарџик – Скопје 2, северно од автопатот А2 граница со Бугарија (Деве Баир) – Крива Паланка – Страцин – Романовце – Миладиновци – обиколница Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево – Струга – граница со Албанија (Ќафасан).
Од југоисточна страна се пристапува од индустриска улица „4“ преку коридорот на планирано заштитно зеленило од 5м. Од североисток, северезапад и југозапад градежната парцела се граничи со неизградено земјиште кое е исто така планирано за заштитно зеленило од 5м и сообраќајна инфраструктура.
Просечна надморска висина е од 241m до 242m.
Површина на проектниот опфат е 26 266 m2 (2.63ха).
Границата на проектниот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки по Х и У координати:

X=7549619.017 Y=4650606.859
испакнување -0.414
центар X=7549631.985 Y=4650613.345
радиус 14.500
почетен агол 206d34'9"
краен агол 116d34'9"
X=7549625.500 Y=4650626.314
X=7549703.536 Y=4650665.339
испакнување -0.414
центар X=7549710.021 Y=4650652.370
радиус 14.500
почетен агол 116d34'9"
краен агол 26d34'9"
X=7549722.990 Y=4650658.855
X=7549707.801 Y=4650429.322
X=7549811.775 Y=4650481.318
испакнување -0.414
центар X=7549798.806 Y=4650474.833
радиус 14.500
почетен агол 26d34'9"
краен агол 296d34'9"
X=7549805.292 Y=4650461.864
X=7549727.256 Y=4650422.839
испакнување -0.414
центар X=7549720.770 Y=4650435.808
радиус 14.500
почетен агол 296d34'9"
краен агол 206d34'9"

Граница на проектниот опфат е:

- Север: КП 656/1 КО Илинден вон. град.
- Исток: КП 656/1 КО Илинден вон. град
- Југ: КП 656/1 КО Илинден вон. град.
- Запад: КП 656/1 КО Илинден вон. град.

2.2 ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖЕН ФОНД

Во граници на проектниот опфат постои следната намена на површини:
Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија..... 26 266m²(100%)
Вкупно (проектен опфат)..... 26 266m²(100%)

Во граници на проектниот опфат има еден објект во градба.

10.1.1 – Хала за производство

Површина под градба	9 922m²
Развиена површина	9 922m²
Катност на градби	П
Висина на венец	во градба

Урбани параметри на ниво на проектн опфат:

Површина на проектниот опфат	26 266m²
Површина под градби	9 922m²
Развиена површина	9 922m²
Процент на изграденост	38%
Коефициент на искористеност	0,38
Катност на градби	П

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ НА ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ

Број на градба	Намена на градба	Конструкција	Површина на градба (m²)	Развиена површина на градба (m²)	Катност	висина до венец (m)	забелешка
10.1.1	Хала за производство (Г2)	скелет	9 922	9 922	П	во градба	во градба
	ВКУПНО:		9 922	9 922			

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

намена на земјиште	**површина м²**	**процент на застапеност на површини %**
Г2-ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА	**26 266**	**100**
СЕ ВКУПНО	**26 266**	**100**

2.3 ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ

Не се добиени податоци и информации од Управа за заштита на културно наследство – Министерство за култура на РСМ за постоење на регистрирано културно наследство. (Испратено е барање на 21.01.2021год преку e-urbanizam.)
Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство(Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

2.4 ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќај

Патнички сообраќај

Пристапот до проектниот опфат е од индустриска улица „4“ по ДУПД.

Според податоците добиени од ЈП за државни патишта на РСМ предметниот проектен опфат не се граничи со државен пат кој е во надлежност на ЈП за државни патишта.

Железнички сообраќај

Според податоците добиени од ЈП ЖРСМ Инфрастурктура – Скопје проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитениот појас на железничка пруга и нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфрастурктура – Скопје.

Воздушен сообраќај

Според податоците добиени од Агенција за цивилно воздухопловство проектниот опфат се наоѓа во зона на аеродромот „Меѓународен Аеродром Скопје“, во т.н хоризонтална рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 283мнв, основна ILS рамнина, во зона за заштита од светла и во зона за заштита од птици, односно на оддалеченост од цц 3.252м С3 од праг „16“ на полетно/слетна патека на аеродромот, локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај:

1. Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 283мнв.
2. Во зафатот да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои во иднина ќе емитуваат радио, ласерски сигнали, односно светлосни снопови, оџаци кои ќе испуштаат дим, чад и пареа, како и содржини кои може да предизвикуваат зголемено присуство на птици.
3. Надворешно осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја, под агол од 90^0.

Доколку во планскиот опфат се планира изградба на објект/и или поставување на надземни структури со елевација над дозволената од 283мнв, или некоја од наведените содржини, како и

- Поставување на издвоен антенски столбови или столбови на објект со височина поголема од 15m или
- Изградба на оџаци со височина поголема од 30m

кои би претставувале препреки во воздухопловството, потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да ја доставите проектната документација со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 од Законот за воздухопловство(Сл.весник на РМ бр.14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 42/2014, 97/2015, 152/2015, 27/2016, 31/2016, 64/2018 и 220/2019), а со цел следење и контрола на просторот од аспект на одржување на безбедност на воздушниот сообраќај.

Хидротехничка инфраструктура

Според податоците добиени од ЈКП „Водовод“ н.Илинден во непосредна близина на проектниот опфат постојат водоводни мрежи и објекти во сопственост на „ТИРЗ Скопје 2“ кои се снабдуваат со вода од системот за водоснабдување со кој стопанисува ЈКП „Водовод“ н.Илинден.

Според податоците добиени од Дирекцијата на ТИРЗ во коридорот на постојната улица „4“ има постојна хидротехничка инфраструктура и тоа:

- Водоводна мрежа Ф110
- Фекална канализација Ф250
- Атмосферска канализација Ф600/Ф800

Дополнително во планираната улица „3“ има планирана:

- Фекална канализација Ф250
- Атмосферска канализација Ф800

Електроенергетска инфраструкрура

Според податоците добиени од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје во рамки на проектниот опфат нема постојни и планиранани електроенергетски објекти и водови.

Според податоците добиени од АД МЕПСО Скопје проектниот опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Од АД ЕЛЕМ – Скопје не се добиени податоци. Испратено е барање на 21.01.2021год преку e-urbanizam.

Според податоците добиени од Дирекцијата на ТИРЗ во коридорот на постојната улица „4“ има постојна електроенергетска инфраструктура – подземен среднонапонски 20kV кабел.

Телекомуникациска инфраструкрура

Во граници на проектниот опфат според податоците добиени од Агенција за електронски комуникации на РСМ нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Во граници на проектниот опфат според податоците добиени од Македонски телеком АД – Скопје, не постои телекомуникациска инфраструктура.

Од Министерство за одбрана на РСМ и Министерство за внатрешни работи на РСМ не се добиени податоци. Испратено е барање на 21.01.2021год преку e-urbanizam.

Гасоводна инфраструкрура

Во границата на проектниот опфат според податоците добиени од „ГА-МА“ АД Скопје и НЕР АД не постои гасоводна инфраструктура.

Според податоци добиени од Дирекција за технолошко индустриски развојни зони во граници на проектниот опфат и во негова непосредна близина има постојни инфраструктурни водови и тоа:

- По улица 4 поминува гасоводна мрежа и постои приклучок на истата

Топловодна инфраструктура

Во границата на проектниот опфат според податоците добиени од БЕГ АД Скопје не постои топловодна инфраструктура.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА, ВО КОЈА Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ ВО КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ПОСТАВУВААТ ПОВЕЌЕ ГРАДБИ

3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градибте во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик - општина Илинден ќе се изработи во согласност со ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик - општина Илинден, како и потребите и можностите на корисниците на просторот, во согласност со законските регулативи.
Во границите на градежната парцела 10.1 се планираат две градби:

Градбата 10.1.1 е планирана во јужниот дел од парцелата. Наменета е за производна хала со администрација и техничка зграда. Планирана е со различна катност во зависност од намената на просторот. Главен пешачки пристап до градбата е од југоисточната страна. Колски пристап до градбата има од сите нејзини страни преку внатрешната сообраќајница.
Влезот за администрација е од југоисточна страна, а влезовите во производната хала се од североисточна и југозападна страна.
Катноста, котата на венец е:

Производната хала	П/П+1	10.7м (252,84м.н.в)*
Административната зграда	П+1/П+2	12.7м (254,84м.н.в)*
Техничка зграда	П	6.7м (248,84м.н.в)*

Површина на градба е 10151 м², додека развиена површина по етажи е 12353м².

Градбата 10.1.2 е планирана во југоисточниот дел на парцелата источно од влезот за моторни возила.Наменета е за портирница. Катноста е П (приземје), кота на венец е 3,7м (245,84м.н.в)* и е со површина од 60м².

Градбата 10.1.3 е планирана во југозападниот дел на парцелата во близина на паркинг просторот за моторни возила. Наменета е за пречистелна станица. Катноста е П (приземје), кота на венец е 3,0м (245,14м.н.в)* и е со површина од 89м².

Градбата 10.1.4 е планирана во југоисточниот дел од парцелата во близина на влезот. Наменета е за гасна мерна регулаторна станица. Катноста е П (приземје), кота на венец е 3,0м (245,14м.н.в)* и е со површина од 89м².

Градбата 10.1.5 е планирана во североисточниот дел до градбата 10.1.1. Наменета е за резервоар за пожарна вода. Во површината за градба планирана е пумпната станица. Катноста е П (приземје), кота на венец е 1,0м (243,14м.н.в)* и е со површина од 34м². Со подземна градежна линија е планирана површината на резервоарот за вода над кој е планирана внатрешна сообраќајница.

*котата на венец претставува и кота на слеме истата е највисоката точка на објектот

Главен колскопешачки пристап во градежната парцела е од улица„4“. Околу производната хала се планира внатрешна сообраќајница со променлива ширина. На северозападната страна се планира сообраќајница со ширина на коловоз од 8м која од страната на објектот има тротоар од 1м. На југозападната страна испланирана е сообраќајница со ширина на коловоз од 8м и тротоар покрај објектот со променлива ширина од 1м до 1.4м. На североисточната страна се планира сообраќајница со променлива ширина на коловозот од 5.2м до 9м. и тротоар од страната на објектот со ширина од 1м до 1.2м. На југоисточната страна се планира сообраќајница со ширина на коловоз од 5.5м на која се надоврзува планираниот паркинг простор.

Во граници на градежната парцела се планира паркинг простор за 17 возила и едно место за инвалиди (вкупно 18).

Во граници на градежната парцела се планира хидротехничка инфраструктура (водоводна мрежа, фекална канализација и атмосферска канализација), гасоводна инфраструктура и инфрастурктурни објекти/постројки(пречистителна станица, гасна мерна станица, резервоар за пожарна вода).

Планираната инфраструктура ќе биде прикучена на постоечката инфраструктура што се наоѓа во улица „4“ согласно условите доставени од Дирекција на ТИРЗ.

Во северниот дел се планира зелена површина која хортикултурно ќе се уреди.Таа површина во иднина се планира за проширување на капацитетите на производство согласно условите на ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик - општина Илинден**.**

Нумерички дел

Нумерички показатели на постојна и планирана состојба (градежна парцела 10.1)

Површина на проектниот опфат е 2.63ха (26 266м²).

Планирана состојба

Во граници на проектниот опфат во планирана состојба ја имаме следната намена на земјиште:

Г2-леснаиндустрија (Градежна парцела 10.1) 26 266м² (100%)

- Површина под градби 10 345м² (39%)
- Сообраќајна површина 5 877м² (23%)
- Зеленило 10 044м² (38%)

Урбани параметри на ниво на проектен опфат (градежна парцела 10.1)

Површината на градежна парцела	26 266м²
Површина за градба	10 345м²
Развиена површина по етажи	12 547м²
Процент на изграденост	39%
Коефициент на искористеност	к=0,48
Катност	П/П+1/П+2
Кота на венец	Н=3,7m / 12,7m
Максимална кота на градба	Н=256,15 м.н.в.
Максимална елевација	Н=283 м.н.в

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ	26 266м²
2	Г2 – ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА	26 266м²
3	ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА	10 345м²
4	ГРАДЕЖНА ПОВРШИНА ПО ЕТАЖИ	12 547м²
5	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	39%
6	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	0.48

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Број на градба	Намена на градба	Површина на градба (m²)	Развиена површина на градба (m²)	Катност	мак. Висина до венец (m)
10.1.1	Производна хала,администрација и техничка зграда	10 151	12353	П/ П+2/П+1	6,7/12,7/10,7 (254,84мнв)
10.1.2	Портирница	60	60	П	3,7 (245,85мнв)
10.1.3	Пречистителна станица	89	89	П	3,0 (245,14мнв)
10.1.4	Гасна мерна регулаторна станица	11	11	П	3,0 (245,14мнв)
10.1.5	Резервоар за пожарна вода	34	34	П	1,0 (243,14мнв)
	ВКУПНО:	10345	12547		

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ
од Постојна и Планирана состојба (ДУПД и УП)

		Постојна состојба	Планирана состојба (ДУПД)	Планирана состојба(УП)
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ	26 266м²	26 266м²	26 266м²
2	Г2 – ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА	26 266м²	26 266м²	26 266м²
3	ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА	9 922м²	18 386м²	10 345 м²
4	ГРАДЕЖНА ПОВРШИНА ПО ЕТАЖИ	9 922м²	АУП*	12 547 м²
5	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	38%	70%	39%
6	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	0.38	2.5	0.48

*Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20) изработката на АУП ќе се реализира со изработка на Урбанистички проект за парцелирано земјиште од член 58 став 2 точка 1.

3.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

Сообраќајно и нивелациско решение

- ***Сообраќајно решение***

Пристап до градежната парцела е од изградена индустриска улица „4“.
Планиран е еден влез во градежната парцела 10.1 од нејзината југоисточна страна од улица „4“. Околу производната хала се планира внатрешна сообраќајница со променлива ширина. На северозападната страна се планира сообраќајница со ширина на коловоз од 8м која од страната на објектот има тротоар од 1м. На југозападната страна испланирана е сообраќајница со ширина на коловоз од 8м и тротоар покрај објектот со променлива ширина од 1м до 1.4м. На североисточната страна се планира сообраќајница со променлива ширина на коловозот од 5.2м до 9м. и тротоар од страната на објектот со ширина од 1м до 1.2м. На југоисточната страна се планира сообраќајница со ширина на коловоз од 5.5м на која се надоврзува планираниот паркинг простор.

- ***Нивелациско решение***

Нивелацискиот план е решен во зависност на поставеноста на градбите и потребите на градбите наменети за Г2-лесна индустрија. Надолжните нагиби на планираната внатрешна сообраќајна мрежа се од 0,22% до 0,82% согласно член 152 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20)

Паркирање

Паркирањето е решено во граници на градежната парцела.
Во граници на градежната парцела се планира паркинг простор за 17 возила и едно паркинг место за инвалиди (вкупно 18). Пркингот е планиран во близина на влезот во градежната парцела, спроти административниот дел на производната хала.

3.3 Партерно решение со хортикултура

Уредувањето на градежната парцела е обврска на инвеститорот.
Тоа подразбира уредување со ниско, средно и високо зеленило кое е со површина од 10044м² (38%) од градежната парцела, асфалтирани внатрешни сообраќајници, поплочени или асфалтирани пешачки патеки и паркинг простор кои се со површина од 5877м² (23%), дефинирано место за корпа за отпад кое ќе биде лоцирано до влезот и лесно достапно за комуналните служби.
Согласно член 20 став 1 од законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ 11/18) во градежната парцела е задоволен процент на застапеност на зеленило од 20%.

3.4 Водови и инсталации на инфраструктурите

- **Хидротехничка инфраструктура**

За потребите на планираните градби во проектниот опфат постојат услови за приклучок на постојна водоводна мрежа, фекална канализација и атмосферка канализација согласно податоците добиени од Дирекцијата на ТИРЗ,

Водоводна мрежа

За потребите на вработените и поливање на зелените површини ќе се користи вода од планираната водоводна мрежа. Планираните градби ќе се приклучат на шахта која се наоѓа на југоисточната страна на градежната парцела. Преку профил од Ф90 ќе се напојуваат градбите, а околу производната хала е планирана хидратанска мрежа со профил Ф110.

Фекална канализација

Планираните градби ќе се приклучат на пречистителната станица која е испланирана во југозападниот дел на градежната парцела со планирана фекална канализациона мрежа Ф250.

Пречистителната станица ќе се приклучи на шахта на постојна фекална канализација Ф250 која се наоѓа во постојната улица „4“.

Атмосферска канализација

Водата од внатрешните сообраќајници, паркингот, пешачките патеки и крововите ќе се одведе во испланирана атмосферска мрежа која е со профил Ф400 и се наоѓа во коридорот на внатрешната сообраќајница.Атмосферската канализација ќе се приклучи на шахта на постојна атмосферска канализација во улица „4“ согласно условите за приклучок од ТИРЗ.

- **Електро-енергетска инфраструкрура**

Во градба 10.1.1 се планира поставување на трафостаница во техничката зграда која е дел од објектот 10.1.1. Условите на приклучок ќе бидат дефенирани од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА АД Скопје. Трафостаницата ќе биде поврзана со постојната мрежа со планирана подземен електро-енергетски кабел.

- **Телекомуникациска инфраструкрура**

Согласно изводот од ДУПД за ТИРЗ „Скопје 2“, за Урбан блок 10, планиран е телекомуникациски кабел од четирите страни на градежната парцела.

Планираните градби во зависност од потребите ќе се приклучат на планираната телекомуникациска инфраструктури согласно ДУПД.

- **Гасоводна инфраструктура**

Во градежната парцела испланирана е мерна регулаторна станица согласно условите добиени од Дирекцијата на ТИРЗ од каде објектите ќе бидат приклучени на гасоводната инфраструктура

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Урбанистичкиот проект е изработен согласно Законот за урбанизам (Сл.весник на РСМ бр.32/2020), и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20)
Деталните услови за проектирање и градење важат за целата површина на градежната парцела 10.1**.**

Граница на проектен опфат урбанистички проект - полигон на урбанистички проект што комплетно припаѓа во границата на плански опфат на урбанистички план.

Границата на градежна парцела е регулаторна линија со симетрично правно дејство и просторни последици: од двете страни на вертикалната површина по која се протега просторната граница на регулацијата се наоѓа земјиште за поединечна градба чиишто носители на правото на градба имаат по правило исти и меѓусебе симетрични права што треба да гарантираат колку што може порамноправен и хармонизиран планерски третман на соседните градежни парцели.

Градежна парцела е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на правото на градење, и претставува најмала и неделлива просторна единица на градежното земјиште.

Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна парцела.

Градежната парцела се состои од една или повеќе катастарски парцели или делови од катастарски парцели.

Градежна парцела – нумерација – согласно ДУПД за ТИРЗ „Скопје 2“, за Урбан блок 10.

Нумерација на објекти – на нумерацијата на градежна парцела се додава број за објект

Градежна линија е планска одредба која претставува граница на дозволеното градење односно ја дефинира просторната диспозиција на идните градби и просторна граница до која градбата може да се гради.

Помошна градежна линија ги означува промените во габаритот на планираната градба во рамките на површината за градење односно денивелации на првостепена пластика, како што се различни височини на различни делови од градбата, терасести на висината, пасажи, тремови, натрешници и сл.

Подземна градежна линија ја означува границата на градењето под котата на терен кога таа не се совпаѓа со градежната линија, како и градбите што се планираат да се градат целосно под кота на теренот.

Површина за градење претставува дел од градежна парцела ограничена со градежна линија на кој се утврдуваат услови за градење на градба.

Бруто развиената површина за градба е дефинирана со основниот габарит на градбата и во неа не влегуваат површините од можните прекорачувања на градежната линија од дозволена архитектонска пластика.

Градежната линија се спроведува со дозволените пречекорувања на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

- Дозволено е пречекорување на градежната линија на првостепената и второстепената архитектонска пластика само над приземниот кат на градбата, додека помеѓу теренот и првиот кат може да се предвидуваат пречекорувања само со одредени елементи од третостепената архитектонска пластика, кога за тоа постојат услови и не повеќе од 0,30м.
- Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела не може да има пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид издадени архитектонски елементи и делови од градба.

- Кога растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е 1,20 м, не се дозволени пречекорувања на градежната линија со еркери и други издадени делови на било која висина од вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела, а доколку растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е поголемо од 1,20 м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од границата на градежната парцела што е помало од 1,20 м.
- Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања на градежната линија се:

  - првиот скалник од влезните партии до 30 см, ако ширината на тротоарот е поголема

  од 2,25м,

  - првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см, ако широчината на тротоарот е поголема од 2,25 м,

  - второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12,00 м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50 м длабочина за улични коридори поширокі од 12,00м,

  - елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,

  - елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на страничните фасади кои се оддалечени од границата на соседната градежна парцела 3,00 м и помалку од 3,00 м,

  - третостепена пластика во која спаѓат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см, а на приземниот дел од градбата оваа пластика е дозволена доколку ширината на тротоарот е поголема од 2,25 м.

Максимална височина на градбата е планска одредба со која во урбанистички проект се утврдува најголемата дозволена височина на градбата.
Максималната височина на градбата се одредува на два начина:

- како висина на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри и
- како висина на највисоката кота на градбата, кој се мери на највисокиот дел од затворениот габарит на градбата (од првостепената пластика) односно на највисоката кота на покривот или слемето на кровот доколку се работи за кос кров, изразена во метри.

Намена на земјиштето подразбира начинот на употреба на земјиштето и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив, на површина на земјиштето, под и над површината на земјиштето, што клучно влијае на начинот на уредувањето на земјиштето, изградбата на градбите, како и на просторот потребен за нивното одвивање и функционирање.

Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.

Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.
Партерно уредување – внатрешните сообраќајници да се асфалтираат , тротоарите и паркинг просторот да се поплочат или асфалтираат.
Согласно Член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр.11/18 и 42/20) да се обезбеди 20% од дворната површина со зеленило.Зелените површини да се уредат со ниско, средно и високо зеленило.
Простор за отпад да се лоцира во непосредна близина на влезот.

<u>Градежна парцела 10.1</u>
Намена на земјиште:
Основна класа на намена

- **Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија**

Урбани параметри

• Површината на градежна парцела	26 266м²
• Површина за градба	10 345м²
• Развиена површина по етажи	12 547м²
• Процент на изграденост	39%
• Коефициент на искористеност	к=0,48
• Катност	П/П+1/П+2
• Кота на венец	Н=1,0/3,0/3,7/ 6,7/10,7/ 12,7m
• Максимална кота на градба	Н=254,84 м.н.в.
• Максимална елевација	Н=283 м.н.в

Градба 10.1.1

- Намена на градба -Производна хала со администрација и техничка зграда

• Површина под градба		10 151 м²
• Развиена површина по етажи		12 353 м²
• Катност		П/П+1/П+2
• Кота на венец		6,7/10,7/12,7м
• Максимална кота на градба		
- Производната хала	П/П+1	10.7м (252,84м.н.в)*
- Административната зграда	П+1/П+2	12.7м (254,84м.н.в)*
- Техничка зграда	П	6.7м (248,84м.н.в)*

Градба 10.1.2

• Намена на градба - Портирница	
• Површина под градба	60 м²
• Развиена површина по етажи	60 м²
• Катност	П
• Кота на венец	3,7м
• Максимална кота на градба	245,84м.н.в

Градба 10.1.3

- Намена на градба – Пречистителна станица
- Површина под градба 89 м²
- Развиена површина по етажи 89 м²
- Катност П
- Кота на венец 3,0м
- Максимална кота на градба 245,14м.н.в

Градба 10.1.4

- Намена на градба – Гасна мерна регулаторна станица
- Површина под градба 11 м²
- Развиена површина по етажи 11 м²
- Катност П
- Кота на венец 3,0м
- Максимална кота на градба 245,14м.н.в

Градба 10.1.5

- Намена на градба – Резервоар за пожарна вода (дел пумпна станица)
- Површина под градба 34 м²
- Развиена површина по етажи 34 м²
- Катност П
- Кота на венец 1,0м
- Максимална кота на градба 243,14м.н.в

Напомена:Резервоарот за вода е под дел од сообраќајната површина.

Сообраќај

Пристапот до проектниот опфат е од постојната улица „4“од југоисточна страна.

Паркирање во градежна парцела

Паркирањето ќе биде решено во граници на градежната парцела.

Потребниот број на паркинг места се утврдува со Проектна програма.

Задоволувањето на потребниот број паркинг места е услов за изградба на предметната површина согласно намената на простортот.

Согласно проектната програма планирани се 17 паркинг места и едно за инвалиди(вкупно 18).

Зеленило

Во границите на проектниот опфат согласно Член 20 од Закон за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр.11/18) треба да се обезбеди 20% зеленило во граници на градежната парцела.

Напомена 1: Според податоците добиени од Агенција за цивилно воздухопловство проектниот опфат се наоѓа во зона на аеродромот „Меѓународен Аеродром Скопје“, во т.н хоризонтална рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 283мнв, основна ILS рамнина, во зона за заштита од светла и во зона за заштита од птици, односно на оддалеченост од цц 3.252м СЗ од праг „16“ на полетно/слетна патека на аеродромот, локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од **283мнв.**
- Во зафатот да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои во иднина ќе емитуваат радио, ласерски сигнали, односно светлосни снопови, оџаци кои ќе испуштаат дим, чад и пареа, како и содржини кои може да предизвикуваат зголемено присуство на птици.
- Надворешно осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја, под агол од 90^0.

Доколку во планскиот опфат се планира изградба на објект/и или поставување на надземни структури со елевација над дозволената од 283мнв, или некоја од наведените содржини, како и

- Поставување на издвоен антенски столбови или столбови на објект со височина поголема од 15m или
- Изградба на оџаци со височина поголема од 30m

кои би претставувале препреки во воздухопловството, потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да ја доставите проектната документација со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 од Законот за воздухопловство(Сл.весник на РМ бр.14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 42/2014, 97/2015, 152/2015, 27/2016, 31/2016, 64/2018 и 220/2019), а со цел следење и контрола на просторот од аспект на одржување на безбедност на воздушниот сообраќај.

Напомена 2: Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Напомена 3: Според податоците добиени од Дирекција за заштита и спасување – подрачно одделение Гази Баба бр.09-64/2 од 23 Февруари 2021 при реализација на градбите и инфрастурктурата во граница на проектниот опфат треба да се почитуваат следните пропишани мерки за Заштита и спасување:

- Ширината на пристапниот пат за ПП возила не смее да биде помала од 5.5м согласно Правилникот за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник 231/2020).
- Да се овозможи пристап за противпожарни возила од најмалку две спротивни страни на објектот.
- Меѓусебното растојание на градбите при проектирање и изведување треба да изнесува 1/3 од вкупната височина на двете градби сметано од котата на теренот до котата на венецот, но не помала од 8 метри согласно член 24 од Правилникот за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (сл. весник на РМ бр.231/2011).
- Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот инесува најмалку 5м, а најмногу 80м. Притисок во хидрантска мрежа не смее да биде понизод од 2,5 бара.

- При изготвување на Основен проект за добивање на одобрение за градење да се изработи Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи.
- Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичко проектирање, со висини на објекти при чие рушење (Н/2 од висина на објектот) не би се загрозил коловозот на околните сообраќајници со што би се оневозможил проток на моторни возила неопходен за помош и евакуација.
- При проектирање да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
- Заштита од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објектите согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.
- При изработка на Планска документација да се предвидат и пропишат мерки за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување спасување (Службен весник на РМ, бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18).
- При изработка на проектна документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.
- Ако се утврди дека има свлекување на земјиште нетреба да се гради во тој дел, бидејќи безбедноста на луѓето и објектите се на прво место а и поскапувањето на инвестицијата нема оправдување за ваков вид на градба.

При изработка на основните проекти да се постапи согласно :

- Законот за заштита и спасување спасување (Службен весник на РМ, бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18),
- Законот за пожарникарство(Сл. весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13) и
- Правилник за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник 231/2020),
- Законот за одбрана (Службен весник на РМ, бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15),
- Законот за управување со кризи (Службен весник на РМ, бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18),
- Уредба за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите како и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед (Службен весник на РМ бр.105/05).

5.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Врз основа на загрозеност на проектниот опфат, Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 10.1 со основна намена на градба Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (производство на пластика за автомобилска индустрија) по ДУПД за изградба на ТИРЗ „Скопје 2“, КО Илинден, КО Ајватовци и КО Бунарџик - општина Илинден, од природни катастрофи и елементарни непогоди може да настане повредливост на просторот и неговите физички структури. Повредливост на просторот се одразува на градбите и нивната околина. При градба треба да се заштити животната средина како и природното и културно наследство.

5.1 Животната средина

Основна намена на просторот во граници на проектниот опфат е Г2 – лесна индустрија.

Водата, почвата и воздухот се едни од најчуствителните и најдолгомемориираните медиуми кој го паметат загадувањето и го рефлектираат во долг временски период во околината поради што треба најригорозно да се почитуваат и заштитат.

При планирање потребно е да се овозможат услови за заштита на почвата, водата, воздухот и да се обезбеди заштита од бучавата.

- *Загадување на почвата и подземните води и мерки за заштита*

Објектите ќе се приклучат на канализациониот систем со што се елиминира загадувањето на почвата во дозволени граници.

Цврстиот отпад ќе се собира организирано со селекција за понатамошна негова рециклажа, а остатокот организирано ќе се дистрибуира во најблиската санитарна депонија.

- *Аерозагадување и мерки за заштита*

Во случај ако со технолошкиот процес има испуштање на штетни емисии кој можат да го загадат воздухот задолжително мора да се вградат филтри согласно законската регулатива.

Друго загадување е од издувните гасови на моторните возила. За елиминирање на нивното штетно дејство се планира покрај сообраќајниците да се посади антисептичко листопаднио зеленило.

- *Извори на бучава и мерки на заштита*

Во случај ако со технолошкиот процес се произведува бучава над дозволените граници согласно законската регулатива тогаш мора да се преземат мерки за нивна елиминација

Друг извор на бучава во граници на планскиот опфат ќе преставуваат моторните возила за чие намалување ќе придонесат листопадни насади покрај сообраќајната мрежа.

Заштита од техничко-технолошки катастрофи и радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Постои можност за технолошки катастрофи, со оглед на намената на просторот. Потребно е стручно ракување со сите уреди и постројки. Објектите во редовни услови не предизвикуваат штети. Вградената опрема во нив во случај на несоодветно ракување со неа може да предизвика технолошка катастрофа. Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации. Случајни инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање преку вентилски уреди.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба

да создаде прифатлив однос кон животната средина. Притоа основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот се:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се засновува организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на стопанскиот објект на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

1. Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење и одбегнување на технолошки катастрофи.
2. Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на последица од пожар.
3. Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од последици од пожар и експлозии.

Радиолошката, хемиска и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добиток и растенија, со навремено отривање, следење и контрола на опсностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за одстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехрамбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на деца, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандарди и процедури за радиолошка, хемиска и биолошка заштита. Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територија
- дозиметријска контрола
- детекција на РХБ агенси присатни на одредено подрачје
- лабораторисско испитување на видот, концетрација, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите

5.2 Заштита и спасување

Повредливост од пожар

Во случај на пожар до локацијата со противпожарни возила ќе се пристапи од автопатот А2, па преку постојна индустриска улица „4“ во ТИРЗ „Скопје 2“.

Мирко Андовски дипл.инж.арх. овластување бр. О.0005	**Иван Арсовски** дипл.инж.арх. овластување бр. О.0395	**Боро Петковски** дипл.инж.арх. овластување бр. О.0362 **Цветанка Маркуровска** дипл.инж.арх. овластување бр. О.0007 **Иво Лукаревски** дипл.инж.арх. овластување бр. О.0385	**м-р. Соња Георгиева Делиновска** дипл.соц.инж. **Благој Јанков** дипл.ел.инж. **Никола Гаровски** дипл.маш.инж.	**м-р. Настасија Стефановска** дипл.инж.арх. **Ана Лунгиќ** дипл.инж.арх. **Ана Пиперуа Ефремовски** дипл.инж.арх. **Бојана Танчиковска** дипл.инж.арх.	**ЈУЛИ 2012**	**01**



ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА "СКОПЈЕ 2", КО ИЛИНДЕН, КО АЈВАТОВЦИ И КО БУНАРЏИК ОПШТИНА ИЛИНДЕН РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН И ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ТИРЗ СКОПЈЕ 2 (П = 96,75 ха)
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ТИРЗ СКОПЈЕ 1
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА УПС ИЛИНДЕН, МАРИНО И ДЕЛ ОД КАДИНО
- ГРАНИЦА НА ИДНО ПРОШИРУВАЊЕ НА ТИРЗ СКОПЈЕ 2
- ГРАНИЦА НА КАТАСТАРСКА ОПШТИНА
- РЛ — РЕГУЛАЦИСКА ЛИНИЈА
- ГГП — ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПЛАНИРАНИ ИЗОХИПСИ (нивелација на 0.5м)
- ОГРАДА НА ТИРЗ СКОПЈЕ 2
- ПАТЕКА ЗА РЕВИЗИЈА НА ОГРАДА
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
- ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА АВТОПАТ 40 м' И ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА 11м'
- ЗОНА ЗА ДЕНИВЕЛИРАНА КЛУЧКА

ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА:

- Д2 — ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
- Б4 — ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ
- Б6 — ГРАДБИ ЗА СОБИРИ
- В4 — ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ
- Г — ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
- Е2 — КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА
- ГП 4.1 — БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- H max — МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕНА ВИСИНА НА ГРАДБА

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

М = 1:1000

0 10 20 30 40 50 100 150 м

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
REPUBLIC OF MACEDONIA
SPATIAL PLANNING AGENCY

ДИРЕКТОР: **Огнен Апостолски дипл.инж.арх.**

НАРАЧАТЕЛ	МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ	СТАДИУМ: **ДУПД**	
ДОНЕСУВАЧ	МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ		
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА	ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА "СКОПЈЕ 2", КО ИЛИНДЕН, КО АЈВАТОВЦИ И КО БУНАРЏИК ОПШТИНА ИЛИНДЕН		
НАСЛОВ НА ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ	РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН , ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО И ПОВРШИНИ ЗА ГРАДБА	РАЗМЕР: **1:1000**	ТЕХНИЧКИ БРОЈ: **H0212**

РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ **Мирко Андовски** дипл.инж.арх. овластување бр. О.0005	РАКОВОДИТЕЛ НА ПЛАНОТ: **Иван Арсовски** дипл.инж.арх. овластување бр. О.0395	ПЛАНЕРИ: **Боро Петковски** дипл.инж.арх. овластување бр. О.0392 **Цветанка Марковска** дипл.инж.арх. овластување бр. О.0007 **Маја Лукаревска** дипл.инж.арх. овластување бр. О.0385	ПЛАНЕР СОРАБОТНИК: **м-р. Настасја Стефановска** дипл.инж.арх. **Ана Лукиќ** дипл.инж.арх. **Ана Пивула Ефковски** дипл.инж.арх. **Бојана Темелковска** дипл.инж.арх.	ДАТУМ: **ЈУЛИ 2012**	ПРИЛОГ **02**





ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА

- X9 — X10 (0 + 400) ВОДОВОД - ИЗВЕДЕН
- ВОДОВОД ИЛИНДЕН
- АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА (ПРОЕКТ ОД ДСЦ)
- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ВОДОСНАБДИТЕЛНА МРЕЖА

ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН ЗА ЕЛЕКТРОСНАБДУВАЊЕ, ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ И ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

- ЕЛЕКТРОВОД 10 kV (ИЗМЕСТЕН) - ВАРИЈАНТА 1
- ЕЛЕКТРОВОД 10 kV (ИЗМЕСТЕН) - ВАРИЈАНТА 2
- ЕЛЕКТРОКАБЛИ 20 kV (ИЗМЕСТЕНИ)
- ЕЛЕКТРОКАБЛИ 20 kV
- ТЕЛЕФОНСКИ КАБЕЛ (ИЗМЕСТЕН)
- ТЕЛЕФОНСКИ КАБЕЛ
- ТРАФОСТАНИЦА 20/0.4 kV (ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ)
- СВЕТИЛКИ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ - ЕДИНЕЧНИ
- СВЕТИЛКИ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ - ДВОЈНИ

ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН ЗА ГАСОВОДНА И НАФТОВОДНА МРЕЖА

- НАФТОВОД - ПРОДУКТОВОД (ИЗМЕСТЕН)
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА НАФТОВОД - ПРОДУКТОВОД 4м'
- ВИСОКОПРИТИСЕН МАГИСТРАЛЕН ГАСОВОД (P=40bar) - ИЗМЕСТЕН
- ВИСОКОПРИТИСЕН ГАСОВОД (P=12bar) - ИЗВЕДЕН
- СРЕДНОПРИТИСЕН ГАСОВОД (P=4bar) - ИЗВЕДЕН
- СРЕДНОПРИТИСЕН ГАСОВОД (P=4bar) - НОВОПЛАНИРАН
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ГАСОВОД (за P=40bar - 30м', за P=12bar - 3м')
- ГМРС — ГЛАВНА МЕРНА РЕГУЛАТОРСКА СТАНИЦА



ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА "СКОПЈЕ 2", КО ИЛИНДЕН, КО АЈВАТОВЦИ И КО БУНАРЏИК ОПШТИНА ИЛИНДЕН РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СИНТЕЗЕН ПЛАН

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ТИРЗ СКОПЈЕ 2 (П = 96,75 ха)
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ТИРЗ СКОПЈЕ 1
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА УПС ИЛИНДЕН, МАРИНО И ДЕЛ ОД КАДИНО
- ГРАНИЦА НА ИДНО ПРОШИРУВАЊЕ НА ТИРЗ СКОПЈЕ 2
- ГРАНИЦА НА КАТАСТАРСКА ОПШТИНА
- РЛ — РЕГУЛАЦИСКА ЛИНИЈА
- ГГП — ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПЛАНИРАНИ ИЗОХИПСИ (нивелација на 0.5м)
- ОГРАДА НА ТИРЗ СКОПЈЕ 2
- ПАТЕКА ЗА РЕВИЗИЈА НА ОГРАДА
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
- ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА АВТОПАТ 40 м' И ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА 11м'
- ЗОНА ЗА ДЕНИВЕЛИРАНА КЛУЧКА

ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА:

- Д2 — ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
- Б4 — ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ
- Б6 — ГРАДБИ ЗА СОБИРИ
- В4 — ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ
- Г — ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
- Е2 — КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА
- ГП 4.1 — БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- H max — МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕНА ВИСИНА НА ГРАДБА

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

0 10 20 30 40 50 100 150 м

М = 1:1000

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ REPUBLIC OF MACEDONIA SPATIAL PLANNING AGENCY		ДИРЕКТОР: Огнен Апостолски дипл.инж.арх.	
НАРАЧАТЕЛ	МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ	СТАДИУМ: ДУПД	
ДОНЕСУВАЧ	МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ		
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА	ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА "СКОПЈЕ 2", КО ИЛИНДЕН, КО АЈВАТОВЦИ И КО БУНАРЏИК ОПШТИНА ИЛИНДЕН		
НАСЛОВ НА ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ	СИНТЕЗЕН ПЛАН	РАЗМЕР: 1:1000	ТЕХНИЧКИ БРОЈ: H0212
РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ Мирко Андовски дипл.инж.арх. овластување бр. О.0005	РАКОВОДИТЕЛ НА ПЛАНОТ: Иван Арсовски дипл.инж.арх. овластување бр. О.0395	ПЛАНЕРИ: Боро Петковски дипл.инж.арх. овластување бр. О.0362 Цветанка Маркуровска дипл.инж.арх. овластување бр. О.0007 Маја Лукаревска дипл.инж.арх. овластување бр. О.0385 мр. Соња Георгиева Делинова дипл.градеж. Благој Јанева дипл.инж.арх. Никола Гаровски дипл.маш.инж.	ПЛАНЕР СОРАБОТНИК: м-р. Настасија Стефановска дипл.инж.арх. Ана Лунев дипл.инж.арх. Ана Павлула Ефтовски дипл.инж.арх. Бојџана Танчевска дипл.инж.арх.
ДАТУМ: ЈУЛИ 2012	ПРИЛОГ 03		

6.13. Елементи на обликување на градбите во градежната парцела

За сите градби во зоната да се предвидвиди употреба на висококвалитетни градежни материјали (High-tech материјали), со добри карактеристики. Градбите мора да имаат максимална термичка и звучна изолација, како услов за заштеда на енергијата, како елемент од стратегијата за одржлив развој, а со цел заштита на животната средина (Агенда 21).

7. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со планот се утврдуваат и планските решенија за инфраструктурата.

На овој простор условеноста од програмските барања и постојната состојба значително ги диктира планските решенија за сообраќајниците, за фекалните и атмосферските инфраструктурни водови, како и за електричната и електронско-комуникациската инфраструктурна и гасоводната инфраструктура, кои се во директна зависност од уличната мрежа, поред која се водат.

Водењето на инфраструктурата да биде во инфраструктурни коридори.

7.1. Сообраќаен и нивелмански план

7.1.1. Сообраќајно поврзување

Планскиот опфат на кој се предвидува Технолошко индустриска развојна зона - ТИРЗ "Скопје 2" е поставен на 6,0км од градот Скопје (клучка Хиподром), односно поточно од северна (лева) страна на магистралниот патен правец М-4(Автопат А2а - Е65), делница Скопје-Миладиновци.

Постојниот автопатот А2а претходна ознака (М-4), делница Скопје – Миладиновци, во непосредна близина на ТИРЗ "Скопје 1", ТИРЗ "Скопје 2" и ТИРЗ "Скопје 3", во Просторниот план на Република Македонија е предвиден како магистрален пат (автопат).

Поради тоа сообраќајното поврзување на ТИРЗ "Скопје 2" и ТИРЗ "Скопје 3" со основната патна мрежа во Република Македонија односно со магистралниот пат М-4 (Паневропски коридор – 8), нова категоризација А2а (Автопат Е-65), се предвидува преку идна денивелирана клучка, чија местоположба ќе биде во зоната предвидена за идна клучка.

Со изработка на проектна документација ќе се определи точната местоположбата на идната денивелирана клучка во зоната предвидена за идна клучка и истата ќе служи за сообраќајно поврзување на ТИРЗ "Скопје 2" и ТИРЗ "Скопје 3" и населените места со автопатот.

Зоната за идна денивелирана клучка е дадена како ориентациона површина во која ќе се смести клучката и истата во зависност од потребите може да се зголеми.

Во планскиот опфат е предвиден и интервентен влез/излез, согласно прописите за ППЗ заштита, кој се врзува со локалниот пат кон с. Ајватовци.

Сообраќаен план

**** Улична мрежа***

Планираната улична мрежа се состои од индустриски улици со следна структура на сообраќајните профили:

Булевар "А"

коловози	2 x (3 x 3,75) = 22,50 м'
средно разделно зеленило	1 x 3,00 = 3,00 м'
тротоари	2 x 2,50 = 5,00 м'
странично зеленило	2 x 5,00 = 10,00 м'

	Вкупно : 40,50 м'

Со вкупна должина од 377 м'

Булевар "Б"

коловози	2 x (2 x 3,75) = 15,00 м'
средно разделно зеленило	1 x 3,00 = 3,00 м'
тротоари	2 x 2,50 = 5,00 м'
странично зеленило	2 x 5,00 = 10,00 м'

	Вкупно : 33,00 м'

Со вкупна должина од 1883 м'

Според урбанистичкиот концепт за опслужување на планираните градежни парцели (блокови) се предвидуваат индустриски улици со следна структура на сообраќајниот профил :

Индустриски улици

- коловоз	2 x 3,75 = 7,50 м'
- тротоари	2 x 2,50 = 5,00 м'
- странично зеленило	2 x 5,00 = 10,00 м'

	Вкупно : 22,50 м'

Со вкупна должина од 7003 м'

Хоризонталната поставка со елементи на хоризонтално решение (хоризонтални радиуси и сообраќајни профили) се презентирани во графичкиот прилог "Сообраќаен и нивелациски план".

Вкупна должина на планираната улична мрежа:

– Индустриски улици изнесува 9263 м'

Со овој ДУПД се утврдува дека главните сообраќајни оски - Булеварите, како и периферните сообраќајници, како сообраќајна мрежа - матрица, мора да се почитуваат со секој Архитектонско - урбанистички проект за одреден комплекс градби. При спојување на Блоковите, внатрешните улици може да се анулираат, при тоа, да се овозможи континуиран кружен ток, преку првата соседна улица.

Во наредните развојни фази да се испочитува ортогоналната сообраќајна шема која е дадена шематски со утврдени осовини.

Решавањето на сообраќајниците, внатре во Урбанистичките блокови, кои имаат интерен карактер не треба да биде во спротивност со овој плански концепт, но треба да претставува надградба на уличната мрежа, притоа почитувајќи ги пропишаните стандарди од доменот на сообраќајот и заштитата (посебно од аспект на противпожарната заштита).

**** Стационарен сообраќај - паркирање***

Стационарниот сообраќај - паркирање на моторните возила се предвидува да се реши во склоп на градежната парцела во следна фаза на изработка на Архитектонско - урбанистички проект, според нормативите и стандардите дадени во чл. 59, 60 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање 63/12 и 126/12.

7.1.2. Нивелмаски план

Почитувајќи ги рељефните услови за што помали земјани работи и можност за добивање рамни платформи за изградба и одведување на површинските води, теренот на Зоната висински е испланиран, односно нивелиран со благ нагиб. Нагибот е прилагоден на природниот терен, со цел отцедување на површинските води, кои би биле прифатени и одведени надвор од Зоната. Во близина на реципиентот се препорачува да се изгради таложник, пред водите да бидат испуштени во него.

Нивелманот графички е прикажан со изохипси на 0,5м висинска разлика.

Планираниот наклон на теренот може благо да се менува према инвеститорските барања во понатамошна етапа за реализација на Зоната, со цел да се намалат земјените работи, а со изготвен Архитектонско - урбанистички проект во рамките на еден Урбанистички блок. Во ваков случај теренот на контактите мора да се вклопи со општиот нивелман на Зоната.

Со нивелманскиот план се дадени проектирани коти на осовински точки на крстосници и нагиби на нивелети на улици кои се движат до максимален пад од 2,05%.

7.2. Водостопанска инфраструктура

7.2.1. Водоснабдување

За водоснабдување на "ТИРЗ Скопје 1" изграден е водоснабдителен систем кој се состои од бунарско подрачје, потисен цевковод и резервоар.

Бунарското подрачје се наоѓа јужно од селото Белимбегово на м.в. Јасика. Предвидени се шест цевни бунари од кои три се изградени, а останатите ќе бидат изградени во втора фаза кога потребите ќе се зголемат со целосна изградба на ТИРЗ "Скопје 2" и "ТИРЗ Скопје 3". Капацитетот на секој бунар изнесува 30,0 л/сек.

Потисниот цевковод од бунарите до резервоарот е со должина од 6919 м и со дијаметар ND 560. Димензиониран е да прифати осумнаесет часовна работа на пумпите во бунарите со $q_{max/den}$ = 169,33 л/сек.

На потисниот цевковод во зоната на "ТИРЗ Скопје 1" изградена е разделна шахта од која се одвојуваат доводни цевководи за "ТИРЗ Скопје 1" и "ТИРЗ Скопје 2". Цевководот за "ТИРЗ Скопје 2" е изведен со дијаметар ND 355. На овој цевковод ќе се надоврзе примарната водоснабдителна мрежа од "ТИРЗ Скопје 2 ".

Резервоарот (североисточно од селото Бунарџик) е предвиден со вкупен волумен од 3000 м^3, кој ќе се гради во две фази. Сега е реализирана првата фаза, односно изграден е резервоар со волумен од 1500 м^3.

Анализите кои се направени за капацитетот на водоснабдителниот систем (Мислење за можно водоснабдување на "ТИРЗ Скопје 3" од водоснабдителнио тсистем на "ТИРЗ Скопје 1" и "ТИРЗ Скопје 2", октомври 2012 г.) покажуваат дека ТИРЗ Скопје 2 може да се водоснабдува од постоечкиот систем.

Анализите кои се направени за капацитетот на водоснабдителниот систем се приложени во урбанистичко планската документација.

7.2.2. Одведување на отпадни води

Во границите на планскиот опфат на ТИРЗ "Скопје 2" се предвидува изградба на сепарациска канализациска мрежа.

Фекална и атмосферска канализациска мрежа

Отпадните води од технолошките процеси и санитарните отпадни води се предвидува да бидат подложени на третман во пречистителни станици. Пречистителната станица може да биде и заедничка лоцирана во рамките на една или повеќе градежни парцели, врз основа договор меѓу два или повеќе корисници во Зоната.

Веќе пречистените отпадни води ќе бидат испуштени во примарната канализациска мрежа. Пречистените отпадни води со заеднички колектор ќе се испуштат во реципиентот т.н. "Ободен канал" кој е дел од системот за одводнување на Скопско Поле.

Врз основа на изработен Архитектонско-урбанистички проект за секоја градежна парцела посебно, ќе се изработат основни проекти на канализациската мрежа.

За канализациската инфраструктура надвор од градежните парцели и надвор од планскиот опфат за потребите на ТИРЗ-от, ќе се изработи Проект за инфраструктура.

На фекалната канализациска мрежа од ТИРЗ "Скопје 2" ќе се надоврзе фекалната канализациска мрежа од ТИРЗ "Скопје 3" која ќе предвидува северно од планскиот опфат на ТИРЗ "Скопје 2".

Атмосферска канализациска мрежа

Атмосферските води ќе бидат прифатени во атмосферската канализациска мрежа. Димензионирањето на атмосферската канализациска мрежа ќе се изврши на дожд со појава на секоја втора година со изнтензитет на траење од 20 мин. Коефициентот на истекување ќе зависи од видот на површината од која се сливаат атмосферските води.

Врз основа на изработен Архитектонско-урбанистички проект за секоја градежна парцела посебно, ќе се изработат основни проекти за атмосферската канализациска мрежа.

За канализациската инфраструктура надвор од градежните парцели и надвор од планскиот опфат за потребите на ТИРЗ-от, ќе се изработи Проект за инфраструктура.

На атмосферската канализациска мрежа од ТИРЗ "Скопје 2" ќе се надоврзе атмосферската канализациска мрежа од ТИРЗ "Скопје 3" која ќе предвидува северно од планскиот опфат на ТИРЗ "Скопје 2".

Атмосферските води пред да се испуштат во реципиентот - "Ободен канал" ќе бидат подложени натретман во маслофаќачи.

7.3. Електроенергетска и комуникациска инфраструктура и јавно осветлување

7.3.1. Елекротроенергетска инфраструктура

Корисниците ќе добијат квалитетно и сигурно снабдување со потребните количини на електрична енергија и моќност, затоа што за тоа постојат услови. Во непосредна близина се наоѓа ТС Бунарџик 110/20kV, која има инсталирана моќност од 40MVA и ќе биде напојна точка за новите корисници.

До сите градежни парцели предвидени се инфраструктурни коридори во кои со останатите, ќе биде поставена и дистрибутивната 20kV мрежа. За електромрежата во градежните парцели треба да се изработи архитектонско-урбанистички и проект за инфраструктура. Во градежните парцели се дозволува поставување на една или

повеќе дистрибутивни трафостаници, зависно од потребите и барањата на идните корисници. Трафостаниците може да се изградени во било кој дел од градежната парцела, а зависно од потребите на инвеститорот, се дозволува една трафостаница да биде напојна за корисници од повеќе градежни парцели.

Приклучок на дистрибутивната мрежа на објектите ќе се изврши според добавената согласност која инвеститорот треба да ја побара од ЕВН Македонија.

За добивање на поголема корисна површина за градба се предвидуваат интервенции врз енергетските инфраструктурни водови (постојни и планирани). При тоа, предвидените интервенции нетреба да придизвикаат прекид на напојувањето на постојните корисници како и негативни последици врз животната средина.

Така, предвидена е дислокација на постојните 20kV кабли од ТС Бунарџик до ТС Илинден во заштитниот појас на изместениот гасовод.

За дел од трасата на 10kV далекувод кон с.Ајватовци, предвидено е дислокација со две варијантни решенија. Со првото предложено решение, предвиден е електровод кој ќе биде поставен покрај северната ограда на ТИРЗ "Скопје 2", продолжува низ заштитниот појас на изместениот гасоводот, за да во средишниот дел скршнува кон површината на ТИРЗ "Скопје 3". Второто предлог решение во почетокот е исто со првото а скршнувањето ја следи северо-источната граница на ТИРЗ "Скопје 3".

Дел од надземниот 10kV вод за с.Бунарџик се планира да се каблира а трасата на кабелот ќе минува покрај северо-источната граница на ТИРЗ "Скопје 2".

Сите наведени измени, како и целокупната електроинсталација треба да биде изведена согласно "Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електроеенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV".

Во минатото за пласман на нафтени деривати преработени во Рафинеријата ОКТА до Косово е планиран продуктовод, чија траса во еден дел минува низ планскиот опфат на ТИРЗ "Скопје 2". Мал дел од овој продуктовод е изведен а останатиот е планиран и со ова планска документација се превидува измена на ова траса. Новопредложената траса на продуктоводот е на растојание 5м (осовински) од трасата на изместениот магистрален гасовод, почитувајќи ги: "Правилник за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт" и "Заштита на подземни метални цевоводи од влијание на електроенергетски постројки".

Во оваа фаза на изработка на планска документација не се познати вкупните потреби од електрична енергија на корисниците од ТИРЗ-от. Доколку произлезе дека постојната трафостаница во Бунарџик, која е напојна за ТИРЗ-овите Скопје 1, 2 и 3 нема да може да ги задоволи потребите, тогаш ова ќе биде решено со Проект за инфраструктура согласно член 51-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12). За градба на една ваква трафостаница потребни се 6000-7000м2 доколку е класична изведбата, односно 2500м2 за гас изолиран систем (SF6). Приклучокот на ова трафостаница ќе биде согласно Законот за енергетика и Мрежните правила за пренос на електрична енергија.

За заштеда на енергија предвидена е можност да на крововите од градбите да се постават соларни панели со кои ќе се врши загревање на водата, како и примена на современи висококвалитетни изолациски материјали.

7.3.2. Комуникациска инфраструктура

Корисниците од ТИРЗ "Скопје 2" во комуникацискиот сообраќај имаат можност да бидат приклучени на оптичкиот кабел кој минува покрај автопатот Скопје-Миладиновци. Дел од трасата на овој телефонски кабел минува низ планскиот опфат заради што ќе биде дислоциран по должина на јужната граница, над автопатот.

До сите градежни парцели предвидени се инфраструктурни коридори во кои со останатите, ќе биде поставена и телефонската мрежа. За електронско-

комуникациската мрежата во градежните парцели треба да се изработи архитектонско-урбанистички и проект за инфраструктура.

На идните корисници на просторот во ТИРЗ "Скопје 2" треба да им се остави можност да се приклучат на оператор за кој што тие ќе се определат, односно инфраструктурниот коридор за телефонската мрежа треба да има можност за приклучок на повеќе оператори.

Новите технологии во сферата на комуникациите, размена на податоци, широкопојасните и други услуги ќе бидат имплементирани во ТИРЗ-от зависно од барањата на крајните корисници.

ТИРЗ "Скопје 2", како и овој регион целосно е покриен со сигнал на мобилните оператори T-Mobile, ONE и VIP.

7.3.3. Јавно осветлување

Првенствена и најважна задача на јавното осветлување е да осигура удобен и сигурен проток на сообраќајот во ноќни услови, сличен на оној во дневни услови. Крајниот квалитет на некоја инсталација за јавно осветлување, зависи воглавно од неколку елементи кои можат да се поделат во три групи:

- Елементи кои се однесуваат на геометријата на инсталацијата, ширина на сообраќајница, растојание помеѓу светилките, висина на монтажа на извор на светлоста и врста на распоред на изворот на светлост;
- Елементи кои се однесуваат на светилки и извор, интензитет на изворот на светлоста, облик на крива на распределба на јачината на светилка, како и боја на извор на светлост;
- Елементи кои се однесуваат на рефлексиони карактеристики на површина на коловоз.

За осветлување на сообраќајниците предвидени се натриумови високопритисочни сијалици од 250W, кои ќе се монтираат на столбови со височина од 10м. Столбовите се предвидува да се постават надвор од коловозните површини. За булеварите светилките се со две сијалици од по 250W а ќе бидат поставени во средина на зелениот појас од булеварот. Растојание меѓу столбовите на булеварот е 25-30м а кај останатите сообраќајници 40-45м.

Уличното осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја.

Сообраќајниците и булеварите во ТИРЗ "Скопје 2", со вака избраните светилки, столбови и растојание меѓу нив, ќе имаат средна осветленост од 20-25Lx и ќе ги задоволуваат барањата за квалитетно осветлување.

За јавното осветлување на сообраќајниците, паркинзите и другите јавни површини, неопходно е да се изработи светлотехничка пресметка.

За потребите на јавното осветлување на ТИРЗ "Скопје 2" предвидена е градба на две дистрибитивни трафостаници 20/0,4kV секоја со моќност од 160kVA а за кои се предвидени засебни градежни парцели. Овие трафостаници ќе бидат користени и за осветлување на јавните површини во ТИРЗ "Скопје 3".

Каблите (1kV) за јавно осветлување ќе бидат поставени во заштитното зеленило од булеварот односно во инфраструктурни коридори и армирано-бетонски канали под сообраќајниците, заедно со останатите инфраструктурни водови.

Околу површината на ТИРЗ "Скопје 2" предвидена е заштитна метална ограда која (во наредните фази) исто така треба да биде осветлена. За јавно осветлување на оградата потребно е да се направи засебен Архитектонско - урбанистички проект.

Во планскиот опфат да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои ќе емитираат радио сигнали, ласерски сигнали или светлосни снопови.

7.4. Гасоводна инфраструктура

7.4.1. Општи и посебни цели на долгорочниот развој

Задоволување на дел од енергетските потреби на индустриските капацитети лоцирани во Технолошко индустриско развојната зона "Скопје 2", ќе се врши по пат на искористување на природниот земјен гас како еколошки поприфатлив енергент во однос на другите, кој поради својот хемиски состав ќе овозможи доследно почитување на стандардите за квалитетот на воздухот и животната средина.

7.4.2. Планирани капацитети

Вкупната потрошувачка на природен гас за потребите на ТИРЗ "Скопје 2" изнесува 20.000 m^3/h и е утврдена врз основа на споредбените показатели за потребите од гас за индустриски капацитети од лесната и незагадувачка индустрија и услужни објекти како, стовариште, деловни простории и др. кои согласно со Член 35 и 36 од Законот за технолошки индустриски развојни зони (Сл.весник бр.14 од 2007 година) се планира да се лоцираат во зоната.

ТИРЗ "Скопје 2", всушност е втора фаза од развојот на комплексот ТИРЗ Скопје и опфаќа вкупна површина од 96,75 хектари. Заради тоа примарната гасна мрежа за снабдување на капацитетите во ТИРЗ "Скопје 2" се предвидува да се приклучи на постоечката главно мерно-регулациска станица лоцирана во ТИРЗ "Скопје 1". ГМРС има за цел да ги прилагоди параметрите на гасот од магистралниот гасовод со параметрите во примарната мрежа на зоната, како и да врши мерење на количините на гас кои се испорачуваат.. Најзиниот капацитет изнесува 20.000 m^3/h, заради што нема да може да ги задоволи потребите на ТИРЗ "Скопје 2" и во перспектива потребите на третата фаза од развојот, ТИРЗ "Скопје 3". Поради тоа согласно на растечките барања, треба дополнително да се зголеми нејзиниот капацитет.

7.4.3. Разводна гасоводна мрежа

Трасата на постоечкиот магистрален гасовод со работен притисок од 40bar кој се простира во делови од ТИРЗ ТИРЗ "Скопје 2" ќе се дислоцира во нов коридор, со цел заштитниот појас на гасоводот најмалку да влијае на корисните површини за изградба на објекти. Магистралниот гасовод ја поврзува ГМРС Бунарџик со останатата магистрална гасна мрежа. При дефинирањето на планските содржини земени се во предвид дефинираните дозволени растојанија и препораки од Правилникот за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (Службен лист на СФРЈ бр.26/1985).

Дистрибуцијата на гасот до потрошувачите во индустриската зона, почнувајќи од ГМРС, се предвидува да се врши со цевковод поставен во земја на прописно растојание од останатата инфраструктура која заедно со гасоводната мрежа се води низ инфраструктурниот коридор во регулациониот појас на сообраќајниците во зоната. Почетниот номинален пречник на примарниот гасовод ќе биде □□400 mm, димензиониран за работа под максимален апсолутен притисок од 4bar. Оптималните пречници на примарниот цевовод утврдени се врз основа на пресметаната количина на гас по делници и дозволениот пад на притисок, при што утврдени се следните должини по номинален пречник:

- $Ø_n$ 400 450 метри
- $Ø_n$ 350 450 метри
- $Ø_n$ 300 600 метри
- $Ø_n$ 250 600 метри
- $Ø_n$ 200 300 метри

- $Ø_n$ 150 1000 метри
- $Ø_n$ 100 250 метри
- $Ø_n$ 80 750 метри
- $Ø_n$ 50 550 метри
- $Ø_n$ 25 50 метри

Разгранувањето на секундарната мрежа ќе се врши согласно со локацијата и распоредот на индустриските капацитети во рамките на парцелата. Поврзување на индистриските објекти на секундарната гасната мрежа ќе биде со мерни сетови за секој потрошувач одделно.

8. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД РАЗУРНУВАЊА

8.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12) во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Недвижното културно наследство е поделено на видови: споменици, споменични целини и културни предели.

Во подрачјето предмет на анализа нема регистрирани недвижни добра.

Исто така и во архелошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, за локацијата за кој се работи Државната урбанистичка планска документација нема евидентирани архелошки локалитети.

По писменото обраќање, до Министерсво за култура - Управа за заштита на културното наследство е добиен одговор со писмо бр: 08-1785 од 02.05.2012 год., со кое се потврдува дека во рамките на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11).

8.2. Заштита на животната средина

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или

влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Законот за животна средина (Сл.в. на Р.М. бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10, бр.124/10 и бр. 51/11). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух ("Службен весник на Р.М" број. 100/12)
- Закон за води ("Службен весник на Р.М" број.87/08, 06/09, 161/09, 83/10 и 51/11)
- Закон за заштита од бучава во животната средина ("Службен весник на Р.М" број. 79/07, 124/10 и 47/11)
- Закон за управување со отпадот ("Службен весник на Р.М" број. 9/11 - пречистен текст и 51/11) и други законски и подзаконски акти

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина, како нераздвоен елемент на современото планирање, уредување и урбанизација на просторот одигра клучна улога во донесувањето на планските решенија во сите фази од изработка на предметната **Државна урбанистичка планска документација за технолошка индустриска развојна зона " Скопје 2", КО Ајватовци, КО Бунарџик и КО Илинден, Општина Илинден**.

Мерки за заштита на почвата

При изградба на содржините во склоп на технолошката индустриска развојна зона да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува одстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и одстранување на поголема количина на почва. При реализација на активностите на терен да се избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми.

Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.

Мерки за управување со отпадот

Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани поголема количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија. Согласно Законот за управување со отпад ("Службен весник на Р.М" број. 9/11 - пречистен текст и 51/11), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

Со планот се предвидува селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба пред да биде одложен на депонија. После соодветниот третман отпадот да се одложи со контролиран транспортен систем на постојната депонија Дрисла.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Мерки за заштита на воздухот

Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух, се состои од 15 мониторинг станици, од кои три се лоцирани во Скопје, а останатите во другите градови низ Републиката. Во Општина Илинден има воспоставена мерна станица за следење на квалитетот на воздухот. Податоците покажуваат дека загадувањето на воздухот е ниско.

Во периодот на експлоатација на ТИРЗ "Скопје 2", транспортот по сообраќајниците во непосредната околина и зголемената концентрација на возила на магистралниот пат А4 ќе влијае на зголемување на концентрацијата на присутни честици во воздухот. Вегетациската покривка изложена на висока концентрација на честици може да биде оштетена кога истите се наоѓаат во комбинација со другите присутни полутанти во воздухот, создадени како резултат на мобилните извори на загадување, посебно изразени на просторот кој е предмет на анализа. Крупните честици, како прашината која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата. Со цел да се спречи редукција на растот кај видовите се препорачува контрола на квалитетот на воздухот и превземање на мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни полутанти во воздухот.

Нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл.в. на РМ бр.141/10)

Зависно од класата во која спаѓа објектот што го загадува воздухот потребно е да се утврди зона за санитарна заштита. Ширината на зоната за санитарна заштита се мери во права линија од изворот на загадувањето и зависи од ружата на ветрови, географско-климатските, топографските и метеоролошките услови на предметната локација.

За фабричките оџаци кои ќе испуштаат дим, чад, пареа и сл. потребно е од Министерство за животна средина и просторно планирање да се обезбеди претходна согласност за нивното влијание на полетно-слетната патека, како и на аеродромот "Александар Велики" – Скопје.

Природниот гас се планира да се користи како погонско гориво за затоплување на објектите, но и за технолошките процеси во зависност од барањата на поединечните индустриски потрошувачи. Предвидено е и искористување на сончевата енергија преку поставување на сончеви колектори.

Мерки за заштита на водите

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите од евентуално истекување или протекување на гориво, при изведувањето на градежните активности на предметното подрачје потребно е да се избегнува сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво во близина на водните тела.

Директната емисија на отпадни води, може значително да влијае врз вкупната рамнотежа и видовите на застапена флора и фауна во површинските води во непосредната близина на локацијата. Од аспект на заштита на површинските води во близина на локацијата, се предвидува изградба на пречистителни станици за секој субјект одделно, во склоп на технолошко индустриската развојна зона. При тоа, неопходно е испитување на квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите (Сл.в. на РМ, бр.18/99).

Потенцијалните извори на загадување на медиумите во животната средина ќе бидат дополнително разработени преку посебните Архитектонско–урбанистички, односно Идејни решенија за секој поединечен субјект во предметното подрачје, со децидно наведени плански мерки за заштита.

Мерки за заштита од бучава во животната средина

Звучните бариери се поставуваат помеѓу изворот на бучава и подрачјата кои се осетливи на бучава. Разните видови на звучни бариери вклучуваат насипи од земја, ѕидови и огради направени од различни материјали, дебели насади од дрвја и грмушки и комбинација на претходно споменатите мерки.

Изборот на мерките за контрола на бучавата зависи од повеќе фактори, меѓу кои, просторот што е предмет на анализа, трошоците, безбедноста и естетиката и од посакуваното ниво на редукција на звукот.

Локацијата на која се планира ТИРЗ "Скопје 2" се наоѓа во подрачје со IV степен на заштита од бучава во кое *се дозволени зафати во околината, кои можат да предизвикаат пречење со бучава.* Се препорачува почитување на дозволените нивоа на бучава во животната средина согласно Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина (Сл.в. на РМ, бр.147/08).

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со **Државна урбанистичка планска**

документација за технолошка индустриска развојна зона "Скопје 2", КО Ајватовци, КО Бунарџик и КО Илинден, Општина Илинден, потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем
- изградба на современа инфраструктура
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

8.3. Заштита на биолошката разновидност и други природни богатства (мерки за заштита на природата)

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја, надвор од заштитени подрачја како и заштита на природните реткости.

Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се насочени особено на активно уредување и одржливо користење на природното богатство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа.

Во границите на планскиот опфат нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство (Писмо од МЖСПП бр 11-4159/2 од 30.04.2012 година, кое е прилог на планската документација).

Доколку при изработката на Државната урбанистичка планска документација и при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои можат да бидат загрозени, потребно е да се преземат мерки за заштита согласно со Законот за заштита на природата.

8.4. Мерки за заштита и спасување

Претходните услови за заштита и спасување дадени во писмениот допис од Дирекцијата за заштита и спасување 11-117/2 од 05.06.2012 год, се комплетно вградени во Државната урбанистичка планска документација и се дадени во понатамошниот текст.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11, пречистен текст 93/12) и Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ бр.29/05), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 81/07), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерки за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остварува преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на

локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функцијата на превенцијата се следниве мерки и активности:

- изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценети опасности
- вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
- уредување на просторот и изградба на објектите, во функција на заштита и спасување
- воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
- обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Една значајна мерка за заштита и спасување која треба да се почитува за ДУПД ТИРЗ "Скопје 2" во функција на превенција и во функција на заштитата и спасувањето е и уредувањето на просторот и изградбата на објектите.

Методологијата за содржината и начинот на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето, како и нормативите и стандардите врз основа на кои се определуваат државните органи и другите правни лица кои се должни да донесат план за заштита и спасување ги утврдува Владата.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
- при изградба на објекти и инфраструктура

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасувањето, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи
- изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- обезбедување на противпожарни пречки
- изградба на објекти за заштита и
- изградба на потребна инфраструктура

За навремено предупредување на населението за можни опасности и превенција од нив, во рамките на системот за заштита и спасување во Републиката се воспоставува:

- набљудување, јавување и известување и
- организација за извршување на функции за заштита и спасување во рамките на редовната дејност

Во Државната урбанистичка планска документација опфатени се дел од предвидените урбанистичко-технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, кои се карактеристични за локацијата и условите каде треба да се градат предвидените индустриски објекти односно намената на комплексот, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и

18/11) и подазоконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика, кои се однесуваат на:

- евакуација
- засолнување
- згрижување на настраданото и загрозеното население
- радилошка, хемиска и биолошка заштита
- спасување од урнатини
- заштита и спасување од поплави
- заштита и спасување од пожари
- заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- асанација на теренот и
- други мерки за заштита и спасување што би се појавиле при и по природните непогоди, епидемии, епзоотии, епифитотии и други несреќи, а не се предвидени со овој закон

При изработката на планската документација, Проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на ТИРЗ "Скопје 2", е основа врз база на која се планираат мерките за заштита и спасување и истите треба понатаму да се вградат во проектната документација.

При понатамошната изработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект и при изработка на идејните и основните проекти, како и при изградба на градбите, мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектит и при изградба на објектите, како и учество во технички прегледи (Сл. Весник на РМ бр. 105/05).

Заштитата и спасувањето треба да биде согласно критериумите на член 62 од Законот за заштита и спасување, а потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на градбите и новопланираната корисна површина, а степенот на заштита се определува според утврдениот потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. весник на РМ бр: 105/05).

Јавните засолништа се планираат согласно Програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмите на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградуваат во Урбанистичките планови.

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини, наноси, луњи, уривање на високи брани и насипи, суша, атмосферски и други непогоди.

Други несреќи се пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технлошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, екслозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други горива материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер.

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на планскиот опфат.

8.4.1. Мерки за заштита од природни непогоди и други несреќи

8.4.1.1. Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирање на просторот.

Во Државната урбанистичка планска документација е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците, врз основа на што е изработено планираното решение.

При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини.

Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 9^0 по МЦС скалата.

Се предвидува асеизмична градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила
- непречена интервенција во кругот на катастрофата
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на Основниот план. Потребни се геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања на теренот.

8.4.1.2. Мерки за заштита од поплави

Планскиот опфат не е подложен на плавење, со оглед на конфигурацијата на теренот и близината на придодно создадените одводни канали.

8.4.1.3. Мерки за заштита од свлекување на земјиштето

На просторот досега не се забележани свлекувања на земјиштето. Но сепак потребно е да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

8.4.1.4. Мерки за заштита од атмосферски непогоди

Со цел за поефикасна заштита обавезно е предвидување на современа громобранска инсталација на сите поголеми градби и нејзино континуирано одржување.

Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува изборот на вегетацијата.

8.4.1.5. Мерки за заштита од пожар, експлозии и опасни материи

При изработката на Државната урбанистичка планска документација се предвидени пропишани мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11, пречистен текст

93/12) и Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 81/07), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 31/06), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. В. На РМ бр. 74/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите се предвидуваат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу оградбите
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
- сообраќајниците се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила, (ширина на коловоз од 7,0м и радиуси од минимум 15м)
- во градот Скопје и Куманово кој го опслужува овој плански опфат со ПП заштита, има противпожарна едница, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности.
- обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар
- во просторот предмет на Државната урбанистичка планска документација има предвидено надворешни пожарни хидранти за гасење на пожарот што би ги зафатиле градбите
- во понатамошната разработка на планот, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување

Предвидената сообраќајна инфраструктура со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот овозможуваат непречена интрвенција на противпожарните возила. Падот на улиците е со мали вредности и е погоден за одвивање сообраќај на тешки возила.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект за секоја поединечна градба.

8.4.1.6. Мерки за заштита од воени разурнувања

Просторот кој е предмет на анализа се наоѓа во зона со висок степен на загрозеност, односно простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на статегиските насоки на нападот на агресорот, што наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

Просторот има намена, производство, дистибуција и сервиси и од тој аспект, како посебна цел можен е воен удар врз истиот. Во случај на воени разурнувања планскиот концепт и предвидената улична мрежа со своите патни планирани елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат:

- брза и непречена евакуација на луѓето
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,

- непречена интервенција,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

Не се очекува затрупување на улиците со урнатини, бидејќи истите се со големи ширини, а при изработка на Архитектонско-урбанистчкиот проект потребно е да се води сметка за меѓусебното растојание на градбите, согласно висините, да нема тесни грла на сообраќајниците и да нема зони на тотални урнатини.

Можни се директни воени воздушни удари на инфраструктурната мрежа и градбите и нивно оштетување.

Другите елементи за заштита од воени разурнувања, да се утврдат со основниот план, посебно за секоја градба.

8.4.1.7. Мерки за заштита од техничко-технолошки несреќи и радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Постои можност за технолошкте катастрофи, со оглед на намената на просторот.

Потребно е стручно ракување со сите уреди и постројки.

Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации.

Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање на течењето вода преку вентилски уреди. Можна е брза санација и на вод во кој се водат отпадните води. Инфраструктурните водови се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридор, така да можните оштетувања се сведени на минимум.

Инфраструктурните водови мора да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.

11. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Основа за изработка на Општите услови за изградба е Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12 и 126/12), како и планираните барања.

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Државната урбанистичка планска документација, односно за изготвување на извод од Државната урбанистичка планска документација.

За секоја градежна парцела во планскиот опфат, да се изработи Архитектонско - Урбанистички проект.
За комуналната инфраструктура надвор од планскиот опфат, а за потребите на ТИРЗ-от, да се изработат Проекти за инфраструктура согласно важечката законска регулатива.

Плански опфат

1.
Планскиот опфат опфаќа територија од 96,75 хектари.
Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на Член 7, 8 и 9 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12 и 126/12). Границата на планскиот опфат треба да биде:

- рационална, економична, правилна линија, линија на опкружување со колку што е можно помала должина
- линијата што ќе се совпаѓа или ќе ги следи линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени (пат, оска на улица, граница на катастарска парцела, граница на подрачје со иста намена и др.) и
- линија која нема да ја намалува вредноста на земјишето што го дели или ја ја попречува неговата намена и начин на користење делејќи го на неупотребливи делови

Државната урбанистичка планска документација за ТИРЗ "Скопје 2" е изработена за локација дефинирана со линија и прекршни точки, во рамки на земјиште кое е во голем дел сопственост на Државата.
Границата на планскиот опфат се движи по катастарски парцели и е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 100, а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по X и Y координати.
Планскиот опфат зафаќа вкупна површина од 96,75 хектари и периметар од L=5228 м'.

Р.Б	X	Y	
1.	550781.5528	4649625.2664	
2.	550766.3290	4649642.5450	
3.	550742.6870	4649601.1640	
4.	550733.1960	4649583.5100	
5.	550722.2680	4649574.2600	
6.	550647.9700	4649509.6910	
7.	550577.7440	4649449.1510	
8.	550572.2810	4649444.5250	
9.	550575.3280	4649442.3180	
10.	550564.5740	4649433.1520	
11.	550548.7120	4649418.7380	
12.	550523.2820	4649387.8290	Нај јужна

13.	550504.0320	4649402.1720	
14.	550460.5100	4649435.4360	
15.	550419.6380	4649459.0340	
16.	550385.4040	4649481.1130	
17.	550342.6590	4649517.0270	
18.	550305.4280	4649547.4250	
19.	550268.2320	4649581.2070	
20.	550230.5380	4649615.5790	
21.	550194.6170	4649652.9790	
22.	550156.4760	4649687.2410	
23.	550121.0110	4649721.5900	
24.	550087.0270	4649758.9910	
25.	550053.6760	4649796.2230	
26.	550024.7770	4649831.5730	
27.	550012.9410	4649846.8040	
28.	549993.1520	4649871.2930	
29.	549963.4350	4649910.3780	
30.	549933.3760	4649949.8850	
31.	549904.7390	4649991.6500	
32.	549874.3860	4650031.5530	
33.	549843.7750	4650067.2940	
34.	549808.9260	4650109.6260	
35.	549775.1750	4650144.2780	
36.	549734.9230	4650179.3120	
37.	549704.6610	4650217.5850	
38.	549683.7820	4650237.6490	
39.	549669.4510	4650251.3560	
40.	549629.5590	4650286.2980	
41.	549591.9350	4650320.4830	
42.	549559.0360	4650346.8140	
43.	549542.8730	4650358.6580	
44.	549562.2610	4650366.4170	
45.	549547.1670	4650422.3020	
46.	549539.3760	4650451.8690	
47.	549514.8660	4650446.9560	
48.	549466.1230	4650437.5860	
49.	549451.1400	4650558.2740	
50.	549440.6150	4650621.7700	
51.	549435.3720	4650650.1220	
52.	549427.9890	4650691.4790	
53.	549421.8840	4650728.7290	
54.	549412.4440	4650782.6730	
55.	549400.5650	4650858.8910	
56.	549392.2270	4650905.6240	
57.	549364.3950	4650977.4690	
58.	549328.7850	4651062.5350	**Нај западна**
59.	549371.8760	4651077.5760	
60.	549402.4350	4651086.1210	
61.	549455.6960	4651099.3470	
62.	549463.1450	4651100.3910	
63.	549503.9840	4651108.6600	
64.	549541.0450	4651117.4870	
65.	549574.4490	4651121.9720	
66.	549602.3280	4651123.0260	
67.	549628.6570	4651120.5040	
68.	549658.5980	4651123.3100	
69.	549687.5850	4651129.4020	
70.	549692.2830	4651129.7530	
71.	549720.0110	4651139.9820	
72.	549746.4920	4651153.2930	
73.	549784.6120	4651173.8870	
74.	549805.2730	4651184.3220	
75.	549840.4390	4651198.5460	

76.	549878.1240	4651215.1310	
77.	549909.8560	4651228.0310	**Нај северна**
78.	549924.1670	4651185.2100	
79.	549945.5550	4651120.0970	
80.	549973.0320	4651025.6410	
81.	550005.7780	4650934.6720	
82.	550038.3200	4650835.4460	
83.	550072.3680	4650731.9750	
84.	550109.6190	4650620.4530	
85.	550144.6020	4650504.2050	
86.	550143.2220	4650502.5130	
87.	550118.8240	4650494.7690	
88.	550114.0220	4650494.5290	
89.	550179.0330	4650372.6910	
90.	550186.8960	4650349.1510	
91.	550221.8800	4650279.4820	
92.	550309.9560	4650109.4480	
93.	550329.2680	4650068.3600	
94.	550360.7150	4650001.2330	
95.	550355.4240	4649984.5110	
96.	550382.5990	4649965.0680	
97.	550417.7040	4649936.6460	
98.	550486.0188	4649880.1391	
99.	550841.3662	4649677.2331	**Нај источна**
100.	550781.5528	4649625.2664	

нај	**X**	**Y**
северна	549909.8560	4651228.0310
западна	549328.7850	4651062.5350
јужна	550523.2820	4649387.8290
источна	550841.3662	4649677.2331

Блокови

2.
Блокот е посложена единица на градежно земјиште која во случајот се состои од една или повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба.
Во планскиот опфат предвидени се (24) блокови чија граница се совпаѓа со оски на улици и границата на планскиот опфат. Блокот е означен со арапска цифра.

- Блок 1 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 2 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 3 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 4 – класа на намена Г2, Г3, Г4, Е2
- Блок 5 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 6 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 7 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 8 – класа на намена Б4
- Блок 9 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 10 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 11 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 12 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 13 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 14 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 15 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 16 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 17 – класа на намена Б4

- Блок 18 – класа на намена В4
- Блок 19 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 20 – класа на намена Г2, Г3, Г4, Е2
- Блок 21 – класа на намена Б4. Б6
- Блок 22 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 23 – класа на намена Г2, Г3, Г4
- Блок 24 – класа на намена Г2, Г3, Г4

Регулациска линија

3.
Регулациска линија е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и градежно земјиште парцелирано на градежни парцели наменети за поединечна намена. Регулациската линија е повлечена на 5,0м растојание од крајниот раб на тротоарот на уличната мрежа и на делови се поклопува со границата на заштитното зеленило.
Од причини произлезени од специфични барања на потенцијални субјекти - корисници во Зоната, при вкрупнување на градежната локација со спојување на два или повеќе Блока, може да се анулираат внатрешните Регулациски линии, но надворешните, периферни Регулациски линии, кои го формираат новиот Блок, мора да се испочитуваат, како регулациски линии утврдени со мрежата во оваа Државна урбанистичка планска документација.

Граница на градежна парцела

4.
Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.
Градежните парцели во Блок од 1 до 24 ќе бидат предмет на разработка во понатамошна фаза при разработка на блоковите со Архитектонско-урбанистички проект.

Градежна парцела

5.
Планскиот опфат е составен од дваесет и шест (26) градежни парцели, организирани во дваесет и четири (24) Урбани блока. Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели. Линијата на градежната парцела се поклопува со Регулациската линија, всушност претставува затворена регулациска линија во рамките на еден Урбанистички блок.
Со Архитектонско-урбанистички проекти може да се формираат посебни градежни парцели, со урбанистичко решение за секоја градежна парцела посебно, согласно член 51 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12).

Намена на земјиштето – групи и класи на намени

6.

Со Државната урбанистичка планска документација, се предвидуваат следните намени на земјиштето (дефинирањето е според Член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12 и 126/12):

Групи на класи на намени:

Комерцијални и деловни намени - класа на намена (Б)
Јавни институции - класа на намена (В)
Производство, дистрибуција и сервиси - класа на намена (Г)
Зеленило и рекреација - класа на намена (Д)
Инфраструктура - класа на намена (Е)

Основни класи на намени:

Комерцијални и деловни намени (Б) треба да се предвиди како:
- деловни простори, класа на намена **(Б4)**
- простори за собири, класа на намена **(Б6)**

Од **јавните институции (В)** треба да се предвидат:
- државни институции - Царинска контрола, класа на намена **(В4)**

Во наменската употреба **производство, дистрибуција и сервиси (Г)** треба да се предвиди:
- лесна и незагадувачка индустрија, класа на намена **(Г2)**
- сервиси, класа на намена **(Г3)**
- стовариште, класа на намена **(Г4)**

Во наменската употреба **зеленило и рекреација (Д)** треба да се предвиди:
- заштитно зеленило, класа на намена **(Д2)**

Во наменската употреба **инфраструктура (Е)** треба да се предвиди:
- комунална инфраструктура, класа на намена **(Е1)**
- комунална супраструктура, класа на намена **(Е2)**

Во групата класи на намена (Г) - Производство, дистрибуција и сервиси, се забранува основната класа на намена (Г1) – Тешка индустрија.

Градежна линија

7.
Со овој ДУПД се утврдува Градежна линија која во рамките на еден Урбанистички блок се поклопува со Регулациската линија утврдена за секој Урбанистички блок, односно со линијата на градежната парцела. (Од практични причини Градежната линија не е исцртана во графичките прилози, но е прикажана само Регулациската линија).

Површини за градење

8.
На градежните парцели е утврден простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето, поради што е потребно за секоја градежна парцела да се изготви Архитектонско-урбанистички проект.

Во нумеричките показатели покрај утврдената површина за градење, дадена и максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор.

Височина на градење

9.
Височината на градбите е условена од потребата за простор и од намената.
Дозволени максимална висина на градбите ке биде одредена со Услови зададени од Агенцијата за цивилно воздухопловство од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај, на претходно доставен Архитектонско-урбанистички проект. Висината на градбите е условена поради близината на аеродромот Александар Велики и полетно слетната патека на воздухопловните летала чија траса поминува над Зоната. Податоците се добиени од Агенцијата за цивилно воздухопловство (бр.07-736/2 од 28.05.2012 год. прилог на планот) и гласат:

- Локацијата на планскиот пофат е на 238-260 м.н.в. и поради тоа максималната височина на било која надземна структура не смее да премине елевација од 283 м.н.в.

Согласно потребите на технологијата може да се дозволи поголема висина на градбите од максимално дозволената елевација од 283 м.н.в. за што е потребно, пред изработка на Ахитектонско-урбанистички проект, да се побара претходно мислење од Агенцијата за цивилно воздухопловство.
За градби за кои ќе се примени кос кров, како завршеток, максималниот нагиб на кровот не треба да поминува 35^0.
Висината на приземје како и максимална височина на нултата плоча во однос на котата од тротоарот за сите градби е условена од намента на градбата и истата ќе се утврди со Архитектонско-урбанистичките проекти, но не повеќе од 1,20м.

Процент на изграденост

10.
Со процентот е дадено колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Во планскиот опфат процентот се движи од 40% до 70%, во однос на градежната парцела.
Согласно потребите на технологијата се дозволува поголем процент на изграденост од максимално дозволениот.

Коефициент на искористеност

11.
Коефициентот на искористеност го покажува интезитетот на изграденост . Истиот во планскиот опфат се движи до 3,0 во однос на градежната парцела.
Согласно потребите на технологијата се дозволува поголем коефициент на искористеност од максимално дозволениот.

Паркирање

12.
За потребите на корисниците, паркинг простор за лесни моторни возила, товарни возила и друг тип на возила, ќе се предвиди внатре во градежната парцела и истиот ќе се дефинира со Архитектионско-урбанистичкиот проект.
Големината и бројот на паркинг местата да биде исклучиво согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр: 63/12 и 126/12, член 59, 60 и 61) .

Услови за движење на инвалидизирани лица

13.
За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важат истите одредби од точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М. број 63/12 и 126/12).

Зеленило

14.
Во рамките на планскиот опфат е предвидено заштитно зеленило Д2 и тоа во заштитниот појас на инфраструктурниот коридор за гасовод и нафтовод, покрај оградата на комплексот, како и на влезовите на зоната.

15.
Дворните места, односно просторот околу градбите хортикултурно да се уреди со проект за хортикултура.

Мерки за заштита

16.
При изготвување на Архитектонско-урбанистичкиот проект, при изготвување на проектите за инфраструктура, како и при изготвувањето на идејните и основните проекти за градбите и проектите за градбите на инфраструктура и самата инфраструктура, како и при самата градба, да се почитуваат мерките за заштита на животната средина и природата согласно:

- Закон за животна средина (Сл.в. на Р.М. бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10, бр.124/10, бр. 51/11 и 123/12)
- Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07 , бр.35/10 и бр. 47/11)
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр.100/12)
- Закон за заштита од бучава на животната средина (Сл.в. на РМ бр.79/07 и бр.124/10 и бр. 47/11)
- Закон за управување со одпадот(Сл.в. на РМ бр. 9/11 и 51/11)
- Закон за води (Сл.в. на РМ, бр.87/08, бр.06/09, бр.161/09, бр.83/10 и 51/11)
- Уредба за класификација на водите (Сл. Весник на РМ бр. 18/99)
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл. Весник на РМ бр. 18/99)

Доколку на некоја од градежните парцели во планскиот опфат има потреба од изградба на фабрички оџаци кои ќе испуштаат дим, чад пареа, и сл. потребно е од Министерство за животна средина и просторно планирање да се обезбеди претходна согласност за нивното влијание на полетно – слетната патека, како и на аеродромот "Александар Велики – Скопје".

17.
Обврзно треба да се почитуваат, разработуваат детално и да се вградат мерките за заштита и спасување при изготвување на Архитектонско-урбанистичкиот проект, при изготвување на проектите за инфраструктура, како и при изготвувањето на идејните и основните проекти за градбите и проектите за градбите на инфраструктура и самата инфраструктура, како и при самата градба, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11, пречистен текст 93/12), Законот за пожарникарство (Сл.в.на РМ бр 67/04 и 81/07), Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилникот за техничките

нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 31/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01),

На градбите обврзна е изведба на громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Уличното осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја.

Во планскиот опфат да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои ќе емитираат радио сигнали, ласерски сигнали или светлосни снопови.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Градбите да бидат оптимално сеизмички отпорни на 9^0 по МЦС скалата, да бидат изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Со оглед на намените на градбите, потребно е да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

18.

При уредувањето на градежната парцела, обврзно да се предвиди заштитен појас, меѓу одредени градби и простори, со широчина предвидена со нормативите, а која овозможува заштита од пожар.

19.

Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11).

20.

За градбите се пропишува и следното:

- да се применат асеизмички конструктивни системи, како и материјали отпорни на пожар;
- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;
- да се применат квалитетни естетски современи материјали за завршна обработка на градбите;
- да се градат градби со примена на помала количина на градежен материјал и со релативно помали тежини
- да се примени естетско парковско и заштитно зеленило, погодно за климатските простори
- обврзно да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања, при изработка на основните проекти на градбите и инфраструктурата

21.

Површините за градење се во корелација со градежните линии и ќе се утврдат со Архитектионско-урбанистичкиот проект и идејните решенија на градбите, посебно и во рамките на дозволените Коефициенти на искористеност (К) на земјиштето и Проценти на изграденост (Р) на земјиштето, согласно овие Услови за градење.

22.

При изработка на Архитектонско-урбанистичките проекти, идејните и основните проекти на градбите, Проектите за инфраструктура, како и градбите на комуналната супраструктура и комуналната инфраструктура, обврзно е да се почитуваат прописите за градење, современите техничките стандарди за ваков тип на градби.

23.
Технолошко-индустриската развојна зона треба да биде заградена. Оградата да се предвиди согласно Законот за Технолошко-индустриски развојни зони.

24.
Други елементи, кои се прилог на Архитектонско-урбанистичкиот проект, се оние кои ги дефинираат трасите на примарните инфраструктурни водови внатре и надвор од градежната парцела. Водењето на трасите внатре во градежните парцели да се изврши врз основа на прилозите од изработен Проект за инфраструктура.

25.
При иработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект важи Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12 и 126/12), како и други закони и подзаконски акти.

12. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на секоја градежна парцела поединечно и се дадени табеларно.

26.
Посебните услови за градење се основа за изработка на Архитектонско-урбанистичките проекти врз основа на што ќе се изработат идејни и основни проекти за градбите и инфраструктурата.
Планските одредби се однесуваат на секоја една градежна парцела посебно во рамките на планскиот опфат и тоа:

27.
Заради флексибилност на ДУПД во градежните парцели планирани се класи на намени: Г2, Г3 и Г4.

28.
Согласно инвестициските барања потребно е да се определи една основна класа на намена од планираните Г2, Г3 и Г4.

БЛОК	УБ 10
Градежна парцела	**ГП 10.1**
Група на класа на намена	**Г** - производтсво, дистрибуција и сервиси
Основна класа на намена	**Г2** - лесна и незагадувачка индустрија, **Г3** - сервиси, **Г4** - стоваришта
Компатибни класи на намена со основната класа на намена	не се утврдува
Максимален дозволен % на учество на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена во планот	не се утврдува
Максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот	Според Правилникот за просторно и урбанистичко планирање
Површина на градежна парцела/утврден простор за градење	26 266 $м^2$
Максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење	18 386 $м^2$
Вкупно изградена површина на сите спратови	Со АУП
Број на спратови	Со АУП
Максимална височина на градбите	Со услови зададени од Агенција за цивилно воздухопловство за претходно доставен АУП
Процент на изграденост во однос на ГП	70%
Коефициент на искористеност во однос на ГП	2,50
Паркирање	Со АУП

- Градежната парцела да се разработи со Архитектонско-урбанистички проект согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12)
- Се дозволува изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење
- Вкупната изградена површина на сите спратови и бројот на спратовите ќе се утврди согласно Архитектонско-урбанистички проект
- Согласно потребите на технологијата може да се дозволи поголема висина на градбите од максимално дозволената елевација од 283 м.н.в. за што е потребно, пред изработка на Ахитектонско-урбанистички проект, да се побара претходно мислење од Агенцијата за цивилно воздухопловство
- Согласно потребите на технологијата се дозволува поголем процент на изграденост **(%)** и поголем коефициент на искористеност **(К)**
- Паркирање: Внатре во градежна парцела, а бројот на потребните паркинг места да биде во согласност со Правилниот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр. 63/12 и 126/12, Член 55-61)
- За градби за кои ќе се примени кос кров, како завршеток, максималниот нагиб на кровот не треба да поминува **35^0**
- Висината на приземје како и максимална височина на нултата плоча во однос на котата од тротоарот за сите градби е условена од намента на градбата и истата ќе се утврди со Архитектонско-урбанистичкиот проект, но не повеќе од **1,20м**
- Се дозволува градење под земја во граници на површината на градење со употреба на соодветни материјали и технологија на изградба
- Се забранува основната класа на намена **(Г1)** – Тешка индустрија

12.1. Посебни услови за градба од доменот на сообраќајната инфраструктура

31.
При изработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект за секоја градежна парцела посебно, треба да се води сметка секоја градба сообраќајно да биде поврзана со секундарна улична мрежа во ниво. Се препорачува нивелетата на внатрешната улица да паѓа кон улицата која го формира блокот, а во правец на нагибот на теренот, во правец на истекотот на водата.

32.
Се утврдува сите паркиралишта да се изведат од монтажно-демонтажни бетонски профилирани елементи (можност за интервенција во инфраструктурата). Алтернативно, се дозволува да се употребат и покривни плочи од камен или други материјали, високоестетски обликувани, како завршна обработка на паркиралиштата и соодветни рабници, во рамките на градежната парцела.

33.
Во патниот појас не смее да се планираат или изведуваат никакви активности, нуту смее да се користи за било какви други намени. Патниот појас треба да биде слободен за пристап во секое време за потребите на одржување на државниот пат А2а.

34.
Целокупното одводнување на водите од површината на целиот плански опфат и објектите (површински, фекални, отпадни) треба да биде проектирано и изведено со такви подолжни и попречни наклони со што ќе се оневозможи било какво загрозување на трупот на државните патшта, или било какво користење на постојните системи за одводнување на наведените патишта, за потребите на оваа планска документација.

35.
За ТИРЗ "Скопје 2" обезбеден е секундарен влез / излез на северозападната страна од комплексот преку постоен локален пат за с.Ајватовци.

36.
Врз основа на изработен Архитектонско-урбанистички проект да се изработат основни проекти на уличната мрежа и стационарен сообраќај внатре во градежните парцели.
За сообраќајната комунална инфраструктура надвор од планскиот опфат за потребите на ТИРЗ-от, да се изработи Проект за инфраструктура.

12.2. Посебни услови за градба од доменот на водоснабдување и одведување на отпадните води

37.
Снабдувањето со санитарна вода ќе се врши од водоснабдителниот систем изграден за "ТИРЗ Скопје 1"

38.
Секоја градба или комплекс од градби, за кои има потреба од водоснабдување, ќе се поврзе со водоводната мрежа во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена во сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши према важечките стандарди и нормативи за тој вид инфраструктура

39.

При одредувањето на минималниот дијаметар на примарната водоснабдителна мрежа да се почитуваат барањата за противпожараната заштита (Сл. весник на РМ бр. 31/2006)

40.
Врз основа на изработен Архитектонско-урбанистички проект за секоја градежна парцела посебно, да се изработат основни проекти на водоснабдителната мрежа.
За водоснабдителната комунална инфраструктура надвор од градежните парцели и надвор од планскиот опфат за потребите на ТИРЗ-от, да се изработи Проект за инфраструктура.

41.
Секоја градба, или комплекс од градби, за кои има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со примарната канализациска мрежа за одведување на отпадните води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал, откако ќе биде извршен третман-пречистување во пречистителна станица, поставена во сопствената градежна парцела.

42.
Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман во локална пречистителна станица. Квалитетот на пречистените отпадни води мора да биде доведен во согласност со критериумите на "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води",
Пречистителната станица може да биде и заедничка лоцирана во рамките на една или повеќе градежни парцели, врз основа договор меѓу два или повеќе корисници во Зоната.

43.
Секоја градба или комплекс од градби, да се поврзе со инфраструктурната канализациска мрежа за одведување на атмосферските води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал. Атмосферските води пред да бидат испуштени во реципинтот мора да бидат подложени на третман во маслофаќач.
44.
Врз основа на изработен Архитектонско-урбанистички проект за секоја градежна парцела посебно, да се изработат основни проекти на канализациската мрежа.
За канализациската комунална инфраструктура надвор од градежните парцели и надвор од планскиот опфат за потребите на ТИРЗ-от, да се изработи Проект за инфраструктура.

45.
Во текот на функционирањето на ТИРЗ "Скопје 2" да се обезбеди постојан мониторинг на пречистените отпадни води пред да бидат испуштени во реципиентот.

12.3. Посебни услови за градба од доменот на електроснабдувањето, јавното осветлување и електронските комуникации

46.
За секоја градежна парцела, за електромрежата, треба да се изработи засебен Архитектонско урбанистичи проект (АУП).
Во оваа фаза на изработка на планска документација не се познати вкупните потреби од електрична енергија на корисниците од ТИРЗ-от. Доколку произлезе дека

постојната трафостаница во Бунарџик, која е напојна за ТИРЗ-овите Скопје 1, 2 и 3 нема да може да ги задоволи потребите, тогаш ова ќе биде решено со Проект за инфраструктура согласно член 51-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12). За градба на една ваква трафостаница потребни се 6000-7000м2 доколку е класична изведбата, односно 2500м2 за гас изолиран систем (SF6). Приклучокот на ова трафостаница ќе биде согласно Законот за енергетика и Мрежните правила за пренос на електрична енергија.

47.
Во секоја градежна парцела се дозволува поставување на дистрибутивни 10(20)kV трафостаници. Микролокацијата на овие трафостаници не се определени и истите може да биде изградени како засебни (во било кој дел од градежната парцела) или да биде во состав на друга градба (почитувајќи ја постојната законска регулатива). Трафостаниците може да се изградени во било кој дел од градежната парцела, а зависно од потребите на инвеститорот, со овој план, се дозволува една трафостаница да биде напојна за корисници од повеќе градежни парцели.

48.
Со Архитектонско-урбанистички проекти за секоја градежна парцела посебно, согласно барањата и спецификите на производните и технолошките процеси на потенцијалните стопански субјекти), ќе се утврди точната диспозиција на дистрибутивните трафостаници. При изработката на Архитектонско-урбанистички проекти се обврзуваат Изработувачот и Нарачателот на АУП-от да ги обезбедат потребните барања (услови) кои ќе се вградат, како и Мислење од лиценциран дистрибутер на електрична енергија (ЕВН Македонија).

49.
Градбата на новата како и интервенциите на постојната електромрежа и другите енергетски инфраструктурни водови треба да биде во согласност со позитивната законска регулатива.

50.
Врз основа на изработен Архитектонско-урбанистички проект (АУП) да се изработат основни проекти на електро-комуникациската мрежа.

51.
Градбите да се приклучат во електронско-комуникациската мрежа на начин утврден со посебен Проект за инфраструктура за конкретен корисник. Изработувачот и Нарачателот на АУП-от да ги обезбедат потребните барања (услови) кои ќе се вградат, како и Мислење од овластен оператор за електронски комуникации на РМ чии услуги ќе ги користат.

52.
Комуникацискиот кабел да се полага на начин кој нема да ја попречува работата на другите јавни комуникациски мрежи и придружни средства, како ни работата на други јавни електронски комуникациски услуги и услуги од друг карактер.

53.
Врз основа на изработен Архитектонско-урбанистички проект и Светлотехничка пресметка да се изработат основни проекти на јавното осветлување.

54.

Уличното осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја.
При изборот на улични канделабри да се изврши нивна типизација со применет современ дизајн, односно во склад со High-Tech архитектурата, која се очекува да се примени во просторот.

55.
Во планскиот опфат да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои ќе емитираат радио сигнали, ласерски сигнали или светлосни снопови.

12.4. Посебни услови за градба од доменот на гасификацијата

56.
Проектирањето, поставувањето и изградбата на магистралната гасоводна мрежа (работен притисок од 40 bar), мора да биде во согласност со Правилникот за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (Службен лист на СФРЈ бр.26/1985).

57.
Во појасот широк 30 m лево и десно од оската на магистралниот гасовод (p_r=40bar), по изградбата на гасоводот, забрането е да се градат згради наменети за домување или престој на луѓе, без оглед на степенот на сигурност со кој е изграден гасоводот и без оглед на тоа во која класа класа е распореден појасот на цевоводот.

58.
Во појасот широк 5 m на една и друга страна од оската на магистралниот цевовод (p_r=40bar), забрането е да се садат растенија чии корени достигаат длабочина поголема од 1 m, односно за кои е потребно земјиштето да се обработува подлабоко од 0,5 m.

59.
Проектирањето, поставувањето и изградбата на секундарната гасоводна мрежа (p_r=4bar), мора да биде во склад со соодветните технички и функционални барања и нормативи дадени во "Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од челични цевки за работен притисок до 13 бари", (Сл. весник, бр.100/2009 г.) и "Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од полиетиленски цевки за работен притисок до 4 бари", (Сл. весник, бр.100/2009 г.).

60.
Минималната длабочина на поставување на секундарниот гасоводот (p_r=4bar) изнесува:

